- Тридневна екскурзија со деветто одделение
- Настава во природа за петто одделение

Сите наведени излети и екскурзии ќе се одвиваат според можностите и условите во дадениот момент.

## 11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Од нашето училиште има ученици кои се вклучени во вонучилишни активности во основно музичко училиште и фудбалски клуб. Во основно музичко училиште има 5 ученика, во фудбалски клуб членуваат 18 ученика.

# 12. Натпревари за учениците

Ученичките натпревари се облик на активност при кои еден ученик или група на ученици се трудат подобро или побрзо да постигнат што подобри воспитно-образовни резултати. Со цел да се презентираат постигнувањата во наставно-воспитната работа и воннаставните активности, училиштето ќе организира вакви активности на ниво на училиште, ќе земе активно учество на натпревари на ниво на регион и во рамките на држават, организирани од страна на БРО, друштва и други регистрирани надлежни организации (Совет за грижи и воспитување на децата на РСМ, Совет за безбедност на сообраќајот).

Во текот на второто полугодие, започнуваат организирани натпревари, најпрво училишни (помеѓу паралелки од централното и подрачните училишта), потоа општински (регионални) и најпосле државни натпревари. Учениците од ова училиште ќе земат учество на сите натпревари, како и на приредби, смотри, манифестации, конкурси и други организирани активности.

**Пропозиции за учество на натпревар:**

- Ученикот има право да се пријави т.е да учествува најмногу на два училишни натпревари, односно само на два наставни предмета;
- Доколку ист ученик освои прво место на двата натпревари, одбира само еден Општински натпревар;
- Ученикот редовно ги посетува подготвителните часови од страна на наставникот-ментор
- Ученикот редовно ги извршува задачите поставени од менторот;

**Спроведување на натпревари:**

- Да се изготви список на учесници на натпреварот
- Да се избере Комисија од соодветните предметни наставници
- Комисијата изготвува тест за спроведување на училишниот натпревар
- Тестот да биде стандардизиран со задачи од повисоко ниво на знаење
- Да се договори време, место и начин на реализација на училишниот натпревар
- Два дена пред предвидениот натпревар да се изготви соопштение
- Почитување на предвидената временска рамка на планот
- Спроведување на натпреварот во беспрекорно тивка атмосфера со однапред утврдена временска рамка
- Присуство на комисијата на самиот натпревар

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Училиштето е препознатливо по високиот квалитет на работа и постигањата на учениците во различни области, како и остварување на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Целта на проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“ е да се подигне свеста за меѓуетничка интеграција и толеранција кај учениците, наставниците и локалната заедница. Преку проектните активности се поттикнува почитување на различните од себе независно од етничката припадност, јазикот, полот и вероисповеста, развивање на сопствената култура и прифаќање вредности на другите култури. Гостувањата, меѓусебните посети и заедничките активности кои ќе се спроведат во рамките на соработката со партнер училиштето ќе овозможат запознавање на учениците и наставниците со културните вредности, обичаи и практики на другите етнички групи, надминување на стереотипните размислувања и предрасудите, прифаќање и почитување на етничките разлики.

## 14.Проекти што се реализираат во основното училиште

-Интеграција на еколошкото образование во редовниот образовен систем
Преку оваа програма ќе се подигне свеста на ученците, наставниците, вработените, родителите и сите други кои се вклучени директно или индиректно во работата на училиштето на тема животна средина, а со тоа ќе се овозможи теоретско знаење кое ќе се примени во секојдневниот живот. Со оваа програма учениците ќе стекнат активна и одговорна улога која ќе ја практикуваат во училиштето, во домот, но и во локалната заедница и пошироко. За имплементација на овој проект ќе биде изготвен посебен Акционен план во прилог на Годишната програма. Сите наставници треба во своите планирања да планираат ЕКО содржини во склоп на својот предмет или предмети.

-Меѓуетничка интеграција во образованието - МИО станува законска обврска, не е веќе проект и со тоа секој наставник е должен во своите планирања на наставата и

вонн аставните активности да испланира часови и активности од МИО, самостојни или заеднички со колеги од други училишта од градот или државата, како ресурси ги користат многубројните прирачнии, веб страната pmio.com.mk, посетените обуки, дисеминации, предавања, информации, размена на искуства со колеги и сл.

## 15. Поддршка на учениците

### 15.1. Постигнување на учениците

Во текот на учебната година се следат постигањата на учениците, нивната редовност и поведение. Стручните соработници во нашето училиште водат редовна евиденција на сите постигнувања на нашите ученици кои достојно го претставуваат нашето училиште во сите натпреварувања организирани од БРО, Федерација за училишни спортови на Македонија и други друштва од земјата.

Евиденција се води и поодделно за секој ученик и ментор во професионалното досие на секој од наставниците во училиштето. Се прави анализа на успехот и по предметите по кои учениците постигнуваат послаби резултати се организира дополнителна настава. Се идентификуваат учениците со потешкотии во учењето и со нив стручната служба обавува советодавни разговори , ги упатува на ефикасни техники на учење и градење на работни навики. Исто така се идентификуваат и надарените ученици на кои преку додатната настава им се овозможува да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата и да учествуваат на натпревари.
Нашето училиште јавно ги пофали и соодветно ги награди сите заслужни за постигнатите резултати во последните години и ќе продолжи да го спроведува истото и понатака. На сите ученици им беа доделени посебни пофалници за постигнатите резултати и достоинственото презентирање и афирмирање на нашето училиште низ државата, кои свечено им беа доделени на прославата на патрониот празник 24ти мај пред учениците и родителите со што на сите им се дава мотив да продолжат да го претставуваат во најсјајно светло нашето училиште, со што сите ќе не направат горди што сме дел од работата на ова училиште.

**Рангирање на средниот успех по предмет**

Споредба на успехот со успехот од предходната година

| Предмет | Учебна година | | |
|---|---|---|---|
| | 2021/2022 | 2022/2023 | 2023/2024 |
| Македонски јазик | 4,49 | 4,31 | 4,14 |
| Англиски јазик | 4,57 | 4,45 | 4,50 |
| Француски јазик | 4,37 | 4,32 | 4,32 |
| Математика | 4,46 | 4,38 | 4,33 |
| Историја | 4,19 | 4,16 | 4,29 |
| Географија | 4,25 | 4,30 | 4,40 |
| Граѓанско образование | 4,72 | 4,42 | 4,25 |
| Биологија | 4,50 | 4,62 | 4,67 |
| Физика | 4,62 | 4,36 | 4,37 |
| Хемија | 4,79 | 4,56 | 4,47 |
| Ликовно образование | 4,98 | 4,99 | 4,96 |
| Музичко образование | 4,81 | 4,60 | 4,48 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ФЗО | 5,00 | 4,98 | 4,96 |
| Информатика | 4,47 | 4,35 | 4,35 |
| Техничко образование | 4,65 | 4,61 | 4.24 |
| Техничко образование и информатика | / | 4,54 | 4.55 |
| Природни науки | 4,55 | 4,67 | 4.22 |
| Општество | 4,83 | / | / |
| Етика | 4,05 | 3,82 | 4.10 |
| Вештини за живеење | 4,48 | 5,00 | 4.65 |
| Проекти од музичка уметност | / | / | / |
| Проекти од информатика | 4,73 | 4,81 | 4,47 |
| Запознавање на религиите | 4,18 | 4,35 | / |
| Религиите во светот | / | / | 4,53 |
| Етика во светот | / | / | 4,53 |
| Работа со компјутер и основи на програмирање | 5,00 | / | / |
| Танци и народни ора | 5,00 | 4,87 | 4,90 |
| Иновации | 4,86 | 4,53 | 4,10 |
| Историја и општество | 4,21 | 4,54 | / |
| Изборен предмет - Народни ора | 5,00 | 5,00 | 4,52 |
| Изборен предмет – Образование за животни вешт. | 5,00 | 4,92 | 5,00 |
| Изборен предмет- Пеење | / | 4.77 | 5,00 |
| Изборен предмет -Заштита на животна средина | / | 4.85 | 5,00 |
| **Среден успех** | **4,61** | **4,57** | **4,50** |

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

Училиштето преку стручните соработници презема иницијативи за правилно насочување на учениците во изборот на понатамошното школување. Преку разни образовни методи и техники да ги мотивираме учениците да се пронајдат себеси во идната професија, да се намали неодлучноста и предрасудите на родителите кон одредени професии. Тим за проф.ориентација на учениците:
Васил Бубев – директор
Слаџана Николова – педагог
Фросина Василева Тошевска - психолог

## 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупот реба и запуштање, спречување дискриминација

Во нашето училиште ќе се изведуваат и презентации на превентивни програми од неколку позначајни области како што се спречување на насилставата во училиштата, заштита на учениците од заразни болести, заштита на учениците при вклучување во сообраќајот веднаш по напуштање на училиштето и безбедно пристигнување до нивните домови, презентации од центарот за социјални грижи и други огранизации се со цел нашите ученици се запознаат со се повеќе информации кои ќе им помогнат полесно и безгрижно да ги минат своите почетоци во образовниот процес.
Оспособување на учениците за поздрав живот во училиштето, домот и локалната средина во која живеат. Активности посветени на грижата на здравјето на учениците (физичко, ментално и социјално здравје) ќе се реализираат во текот на учебната година по предметите: Физичко и

здравствено образование, запознавање на околината, природа и општество, биологија, екологија, здрава исхрана воннаставни активности: спортска, еколошка секција и др. Предавање и разговори на часот по одделенска заедница, со стручната служба, со одделенските раководители и со надворешни стручни лица во врска со превентива од болести (заштита, зараза, зависности) содржини со кои се изградува свеста кај учениците со воспитание и образование за заштита на здравјето и здравиот начин на живеење.

***Превентивна програма против насилство***

Училиштето “Св.Кирил и Методиј“, с.Дабиље има за цел да обезбеди безбедна, среќна и пријатна клима за работа на сите членови на училишната заедница за да можат успешно да учат и напредуваат. Можното малтретирање го спречува остварувањето на горе наведените цели и прави членовите на училишната заедница да се чувствуваат небезбедно.

Нашето училиште сериозно го сфаќа малтретирањето и навремено превзема мерки за спречување на истото. Целта на училиштето е да им посочи на учениците, родителите и старателите дека пријавувањето на малтретирање е од голема важност и училишната заедница целосно ќе ги подржи во случај на можно малтретирање. Одговорност на сите членови на училишната зедница е да ја спроведуваат политиката против малтретирање.

*** Цели на политиката**

- Да се изгради реален став во училиштето против малтретирање;
- Да се осигура дека сите членови на училишната зедница, родители и старатели имаат јасно разбирање за тоа што претставува малтретирањето;
- Да се осигура дека сите во училиштето ја разбираат и спроведуваат училишната политика во случај на можно малтретирање;
- Да се спротивстави на пристапот за малтретирање;
- Да се зголеми разбирањето за учениците кои се малтретирани;

*** Учениците кои се наоѓаат или се на пат кон просториите на училиштето “Св.Кирил и Методиј“, с.Дабиље имаат право да:**

- Се чувствуваат безбедно;
- Не се плашат од другите;
- Не се задевани поради религија, социјална класа, пол, лични разлики, постигања или друго;
- Не се пишуваат неубави или непријатни белешки, електронски пораки, телефонски повици и слично.

***Дефиниција за малтретирање**

- Малтретирањето е намерно однесување со цел да се нанесе болка и да се предизвика непријатност, кое може да се случи само еднаш но најчесто е нешто што се повторува подолг период.
- Малтретирањето може да се спроведе од страна на индивидуални лица или група.
- Може да биде емоционално, психичко, физичко, сексуално, вербално или во комбинација на сите овие видови

*** Знаци на малтретирање**

- **Физичко**: Модринки, гребнатинки, посекотини, оштетена гардероба.
- **Здравствено**: Губење на апетит, болки во стомак, главоболка, дијареа, мокрење во кревет.
- **Емоционално:** Немање желба за одење на училиште, несреќни, повлекување или невообичаено однесување, одбивање да разговара за проблемите, високо ниво на вознемиреност.
- **Образовно:** Потешкотии со концентрација, недобро сработена домашна работа, пропуштени работни задачи.

*** Запирање на малтретирањето**

- Училиштето“ Св.Кирил и Методиј“, с.Дабиље во секој поглед внимава на знаците на малтретирање и сериозно ги сфаќа сите пријави на малтретирање. Наставната програма се користи за да им се помогне на учениците да развијат стратегии за борба против малтретирањето.
- Училиштето се залага секаков вид на малтретирање да биде пријавен кај некој возрасен и дека тие имаат одговорност да го пријават случајот на некој од вработените. Учениците се насочуваат што треба да превземат доколку се малтретирани самите тие или нивни соученици. Ваквите случаеви можат да се пријават кај некој од вработените во самото училиште.

*** Пријавување на малтретирање**

- Секој пријавен случај ќе се разгледува поединечно, а сите пријавени ќе бидат земени сериозно и ќе бидат испитани. Случаите ќе бидат запишувани и доставени до директорот на училиштето.

*** Справување со малтретирањето**

- Кога ќе се открие случај на малтретирање вработените ќе разговараат со вклучените ученици за случајот на начин кој одговара на нивната воздраст. Ќе се обидеме да го користиме ставот за решавање на проблемите. Во разговорот со учникот вниманието ќе се задржи на изнаоѓање решение за проблмот и спречување на истиот.
- Малтретираните ученици ќе добијат соодветна подршка вклучувајќи помош од надворешни агенции, службени лица или било каква друга служба во чија надлежност е горе наведениот проблем. Учениците кои биле малтретирани ќе бидат советувани и заштитени со посебен договор за однесување.

*** Доколку малтретирањето продолжи, ќе бидат превземени една или комбинација од следниве активности:**

- Ќе бидат бидат употребени постојани дисциплински мерки.
- Родителите или старателите ќе бидат известени за да се разговара со нив за случајот.
- Ќе добијат повратна информација за текот за справување со случајот.
- Исклучување од училиште, доколку продолжи малтретирњето, како краен исход.

*** Можни стратегии за запирање на малтретирање:**

- Играње на улоги за да им се помогне на учениците да ги разберат и почитуваат чувствата на другите.
- Дискусии на важни прашања како што се еднакви права, односи, правда и прифатливо однесување.
- Обука преку подршка од врсници, советници и ментори.
- Информирање на учениците поврзано со видовите на малтретирање.

*** Вклучување на родители и стратели**

- Родителите или стрателите на учениците кои малтретираат и на оние кои биле малтретирани ќе бидат известени за случајот и од нив ќе се бара да ги подржат стратегиите за да се справат со проблемот.
- На учениците кои малтретираат ќе им се помогне да ја разберат болката што ја нанесуваат на другите и ќе бидат потсетени на последиците од малтретирањето.
- Малтретирањето континуирано ќе се следи и овој процес на следење ќе вклучува награда за добро однесување и мерки за недолично однесување.
- Родителите и старателите ќе бидат континуирано вклучни во процесот на следење но и во сите други одлуки за да има поефективен резултат за намалувае на ваквото однесување.
- Споделувањето на проблемот треба да биде проследен до училиштето или родителите и старателите со цел да биде навремено решен.
- Училиштето "Св.Кирил и Методиј", с.Дабиље постојано ќе се повикува на политиката за спречување на насилство и ако е неопходно ќе се обратиме до надворешните служби за помош во однос на проблемот.

***Доколку сте малтретирани**

- Запомнете дека не е ваша вина. Никој не заслужува да биде малтретиран.
- Пробај да се дружиш со пријателски настроена група.
- Пробај да се чувствуваш самоуверено, дури кога не се чувствуваш така, но запомни дека заминувањето не е кукавички чин.
- Доколку си загрижен или исплашен, за време на одморот можеш да се обратиш до некој вработен во училиштето.
- Пишувај дневник каде ќе забележиш се што се случило,каде,кога и од кого.

*** Кому да се обратиш:**

- Одделенскиот раководител;
- Секој вработен со кого чувствуваш дека слободно можеш да разговараш или пак кому чувствуваш дека можеш да му веруваш;
- Твојот родител, старател или било кој од членовите на семејството;
- Твојот пријател, доколку мислиш дека тоа би помогнало;

*** Кога да кажеш**

- Кога си уплашен-пријави го малтретирањето најбрзо што можеш.

- Или пак-пријави го малтретирањето кога не си на часови-пред училиште, за време на пауза или после училиште. Вработените ќе одвојат време да теислушаат.
- Искористи ја кутијата за поплаки-ова се кутии кои може да се искористат за да се пријави случај на малтретирање.

*** Важно**

- Не помага доколку проблемот го зачуваш за себе. Потребна ти е поддршка, исто така и на учениците кои малтретираат им е потребна поддршка за да го променат своето однесување.
- Проблемите сами од себе тешко ќе заминат, доколку ги игнорираш, можат само да станат поголеми.
- Земи пријател со себе доколку си загрижен да кажеш некому-твојот пријател може да го стори тоа место тебе.
- Вработените ќе те сослушаат во доверба додека можат, но мора да знаеш дека тие можеби ќе треба да пренесат одредена информација за да ти ја пружат потребната помош. Тие секогаш ќе ти кажат што ќе сторат следно.

*** Следење и евалуација**

Следењето и евалуацијата на оваа политика е составен дел на процесот за самооценување и поттикнување на свеста кај учениците. Политиката е евалуирана и ревидирана со целосна вклученост на вработените, учениците, родителите и старателите.

***Превентивна програма против болестите на зависност***

Целта на оваа програма е намалување на злоупотребата на наркотични средства и едуцирање на учениците преку содржини од сите наставни предмети за штетноста од злоупотребата на овие средства. Преку вклучување во разни активности и проекти учениците ќе градат и преферираат здрави животни стилови.

Училиштето ќе соработува со Центарот за социјални работи. МВР-оддел за малолетничка деликвенција и невладини организации за да им помогне на оние ученици кои покажуваат асоцијално однесување. Овие ученици ќе бидат вклучени во разни проекти и активности .

## 16. Оценување

### 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Предмет на следење, проверување и оценување на воспитно-образовната дејност ќе бидат постигнатите резултати во совладувањето на воспитно-образовните содржини, работните навики, степен на заинтересираност и ангажираност во учењето и практична оспособеност за примена на знаењата. Постигнувањета на учениците ќе се вреднуваат со примена на различни стратегии на оценување. Оценката треба да биде одраз на залагањето на

ученикот за време на часот како и надвор од часот. За таа цел начините со кои ќе ги оцениме треба да бидат разновидни и тоа:

- Усмено оценување (базирано на стандардите за оценување и Блумовата таксономија)
- Писмено оценување (преку објективни тестови)
- Формативно оценување (за време на самите часови)
- Сумативно оценување (на полугодие и на крајот на годината)

**УСМЕНО ОЦЕНУВАЊЕ:** Определувањето на бројчаната оценка треба да ги има во предвид постигнувањата на ученикот во однос на *запомнување и репродуцирање* на наставните содржини, *разбирање и сфаќање* на обработените содржини, односно способност на ученикот нив да ги интерпретира со свои зборови, *примена* на научените содржини во конкретни задачи со познати и нови елементи, како и повисоките интелектуални способности на *анализа, синтеза и вреднување*, што подразбираат способност на ученикот за средување, комбинирање елементи во нови целини и способност за вреднување на оправданоста или наученоста на некое тврдење или дело.

Бројчаната оценка се утврдува на следниот начин:

**Оценка доволен два (2)** - знаењата на ученикот се однесуваат на запомнување и репродуцирање, ученикот треба да препознава од понуденото, да дефинира, да репродуцира факти, да набројува, да именува одредени поими и да го применува знаењето во наједноставни задачи.

**Оценка добар три (3)** - знаењата на ученикот се однесуваат на разбирање и сфаќање, ученикот е исполнителен во извршување на активностите за време на часовите, способен е да интерпретира факти, да споредува и набројува, да препознава поими и факти и да го применува знаењето во едноставни задачи.

**Оценка многу добар четири (4)** - занењата на ученикот се однесуваат на примена на задачи од познати и нови елементи, ученикот може да анализира факти и практично да ги применува знаењата, логички да размислува и да има свое мислење, да е постојано активен, исполнителен, редовен во учењето и обврските, да толкува, споредува, да ги разложува и илустрира со конкретни примери стекнатите знаења.

**Оценка одличен пет (5)** - знаењата на ученикот се однесуваат на анализа, синтеза и вреднување, ученикот може да ги применува знаењата за решавање на знаења со познати и нови елементи, да е способен за логично размислување и практично применување на факти, да има изградено сопствени ставови, да е способен да систематизира и генерализира, да истражува и ги применува знаењата, да е способен да ја поврзува теоријата со практиката, да користи дополнителни извори, да поставува и одговара на прашања на разни теми.

**ПИСМЕНО ОЦЕНУВАЊЕ:**После секоја тематска целина се проверува степенот на стекнати знаења преку објективни тестови (прашања од сите 4 скалила според Блумовата таксономија, прашања со заокружување, со дополнување, со поврзување, со објаснување, со решавање и др.). За таа цел бодирањето е на следниот начин: од 30% до 50% успешност на реализираност на тестот следи оцена два (2), од 50% до 70% следи оцена три (3), од 70% до 85% оцена четири (4) и од 85% до 100% оцена пет (5).

**ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ:**Е процес кој се реализира на самите часови преку кој учениците и наставниците го согледуваат степенот на согледување на материјата, проблемите со кои се соочуваат, што треба да изменат и каде треба да се концентрираат повеќе за што поуспешно совладување на споменатото градиво.

**СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ:**Следи како резултат на сите горе споменати форми на оценување и се врши на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година.

Наставниците користат различни методи, техники и инструменти за следење на постигањата на учениците при формативно оценување и креирање на сумативна оценка. Врз основа на одделението во коешто се спроведува оценувањето тоа може да биде со: описна оценка, комбинирано(описна и бројчана) и бројчана оценка.

## 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Во училиштето е формиран тим за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди. Тимот ќе ја утврди процедурата за поплаки и жалби согласно правилникот за оценување и унапредување на учениците, ќе прави анализи на состојбата на постигнатите резултати и ќе дава подршка на наставници кои покажуваат слаби резултати од работењето.Стандардите се базирани на принципи за квалитетно и фер оценување.

**ПРИНЦИПИ**

1. Оценувањето, пред се има за цел да ги подобри постигањата на учениците

2. Оценувањето обезбедува целосни информации за постигањата на ученикот

3. Оценувањето е составен дел на наставниот процес (на учењето и на поучувањето)

4. Оценувањето се базира на користење на повеќе различни методи

5.Оценувањетое континуиран процес

6. Оценувањето е праведно

7. Оценувањето е транспарентно

8. Оценувањето е валидно и релијабилно

Во секој класификационен период се одржуваат Родителски средби на кои одделенскиот раководител ги известува родителите за постигнатите резултати на учениците. За време на родителските во училиштето се присутни и предметните наставници кои се подготвени да им дадат образложение на родителите за некое прашање. (Освен информирањето за постигањата на крајот на пропишаните периоди ( тримесечија, полугодие, крај на година) родителите добиваат редовни информации во усна или писмена форма (на индивидуални средби, писмени белешки , листи за проверка, коментари на пишани трудови на учениците и сл.)

Следењето се изведува индивидуално, групно и колективно во зависност од следената педагошка појава. Се врши по пат на соодветни инструменти и техники (усно и писмено

проверување, тестови, писмени вежби, контролни задачи, набљудувања и др.) со што се прибираат податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат.

**Тим за следење и проверка на оценувањето:**

| Одделенска настава | Предметна настава |
|---|---|
| Елеонора Велкова | Аница Панова |
| Катерина Атанасовска | Блажо Јанев |
| Катерина Стојанова Василева | Жарко Спасов |

## 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Во училиштето постои план на директорот и стручните соработници за следење наквалитетот на наставата. Изработени се протоколи и формулари за квалитетот на изработени годишни и тематски планирања од наставниците ,како и посебни форми за евидентирање на податоци од следење на реализација на наставата преку посета на часови. Со секој наставник по извршениот увид/посета се реализираат консултации со цел унапредување на работата. Планот за стручните посети ќе биде доставен во прилог на годишната програма.

## 16.4. Самоевалуација на училиштето

| **ПЛАН ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО** | | | |
|---|---|---|---|
| **ПОДРАЧЈА** | **МЕТОДИ И ИНСТРУМЕНТИ НА СЛЕДЕЊЕ** | **НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИ** | **РАЗГЛЕДУВАЊЕ И ВЕРИФИЦИРАЊЕ** |
| **ПЛАНИРАЊЕ, ПРОГРАМИРАЊЕ И ПОДГОТОВКА НА ДЕЈНОСТА НА СИТЕ НИВОА ОД СТРАНА НА СЕКОЈ СУБЈЕКТ ВО** | -Директни увиди во Годишната програма за работа на училиштето; -Увиди во Годишните планирања на наставниците; | -Директор; -Стручна служба; -Советници од БРО на РСМ; -Регионален и државен просветен инспектор; | -Совет на паралелки; -Наставнички совет; -Училиштен Одбор; -Стручен Актив на наставници; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **УЧИЛИШТЕТО** | -Увиди во дневните планирања на наставниците; | | |
| **НАСТАВА: ЗАДОЛЖИТЕЛНА, ИЗБОРНА, ДОДАТНА, ДОПОЛНИТЕЛНА** | Увид во одд. книги; Увид во досиеја на учениците; Увид во рачни изработки; Увид во литературни, ликовни творби, есеи и сл. Протокол | Директор; Стручна служба; Советници од БРО на РСМ; Регионален и државен просветен инспектор | Совет на паралелки; Наставнички совет; Училиштен Одбор; Стручен Актив на наставници; Ученичка заедница; Совет на родители; |
| **ВОНАСТАВНИ АКТИВНОСТИ** | Увиди во евиденција заистите; Увид во одд. книги; Прашалници; Анкетни и евидентни листови; | Директор; Стручна служба; Советници од БРО на РСМ; Регионален и државен просветен инспектор Наставници; | Совет на паралелки; Наставнички совет Училиштен Одбор; Стручен Актив на наставници; Ученичка заедница; |
| **ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ** | Увиди во одд.дневник; Извештаи од систематски прегледи, вакцинации и сл; Извештај од стоматолошки прегледи; | Наставници; Училишни лекари; Стоматолози; Мед.сестри; | Совет на паралелки; Наставнички совет; Училиштен Одбор; Стручен Актив на наставници; Ученичка заедница; Совет на родители; |
| **СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА** | Прибирање на информации преку директни разговори; Извештаи; Анализи; | Директор; Стручна служба; Членови на Училиштен Одбор; | Совет на паралелки; Наставнички совет; Училиштен Одбор; Совет на родители; |
| **СЛЕДЕЊЕ, ПРОВЕРУВАЊЕ НА ОЦЕНУВАЊЕ НА** | Увиди во одд. дневници; Директно набљудување; Евидентни листови; | Директор; Стручна служба; Советници од БРО на РСМ; Регионален и | Совет на паралелки; Наставнички совет; Училиштен Одбор; Стручен Актив на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **УСПЕХОТ НА УЧЕНИЦИТЕ** | Извештаи и анализи; Прашалници; | државен просветен инспектор | наставници; Ученичка заедница;<br>Совет на родители; |
| **СТРУЧНО -<br>ПЕДАГОШКО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ И ДРУГИТЕ СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ** | Увиди во евидентна<br>книга за учества на семинари и сл; Сертификати; Уверенија; Стручни трудови; | Директор;<br>Стручна служба Советници од БРО на РСМ; Регионален и државен просветен инспектор; | Совет на паралелки;<br>Наставнички совет; Училиштен Одбор;<br>Стручен Актив на наставници;<br>Совет на родители; |
| **ВОДЕЊЕ НА ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА НА РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ НА УЧИЛИШТЕТО** | Увиди во целокупната педагошка евиденција и<br>документација: Одд.дневник Ученичка книшка; Главна книга за учениците; Свидетелства на учениците; Преведници за<br>ученици; Ученичко досие | Директор; Стручна служба; Наставници;<br>Советници од БРО на РСМ;<br>Регионален и државен просветен инспектор; | Совет на паралелки; Наставнички совет; Училиштен Одбор;<br>Стручен Актив на наставници;<br>Ученичка заедница; Совет на родители; |

Членови на тимот за самоевалуација
Слаџана Николова
Фросина Василева Тошевска
Зорица Бозова
Елеонора Велкова
Душко Филев

## 17. Безбедност во училиштето

Сите субјекти вклучени во воспитно – образовниот процес треба да се чувствуваат безбедно и сигурно во училиштето, за да можат успешно да ја извршуваат својата работа. За таа цел во училиштето постои видео надзор и дежурни наставници кои дежураат за време на одморите по ходниците и во училишниот двор. ООУ “Св.Кирил и Методиј” има изготвено план за движење при евакуација, со кој се запознаени сите вработени и ученици. Училиштето остварува континуирана соработка со Општински

совет за безбедност и со Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во соработка со сообраќајната полиција во општина Струмица, како и со Секторот за внатрешни работи при општина Струмица.

## 18.Грижа за здравјето

Здравственото образование на децата е приоритет не само заради самото здравје, туку и од гледна точка на самиот образовен систем – за да можат децата да учат треба да се здрави. Тргнувјќи од оваа констатација, заштитата и унапредувањето на здравјето на учениците е обврска на сите во училиштето, во непосредна соработка со родителите, здравствената служба и пошироката заедница. Со оглед на комплексноста и екстензивноста на категоријата здравје, глобално содржините во рамките на училишната здравствена политика во програмата се групирани во три подрачја:

- **физичко здравје** кое опфаќа лична хигиена, храна и исхрана, заразни болести, сексуално преносливи болести, безбедност и прва помош, физичка активност
- **ментално здравје** го опфаќа самопочитувањето, почитувањето на различностите, толеранцијата и развојот на самодовербата
- **социјалното здравје** ја опфаќа грижата за здрава животна средина, одговорност и комуникација

Активностите посветени на грижата за здравјето на учениците ќе се реализираат во текот на учебната година во наставата по предметот физичкои здравствено образование какои другите предмети, на часовите на одделенсказаедница,во рамките наслободните ученичкиактивности и други форми.

Предавања и разговори на часот на одделенската заедница, со стручната служба, одделенските раководители и со надворешни стручни лица во врска со превентивата од болестите на зависност и други содржини сокои се изградува свеста кај учениците за заштита на здравјето и воспитание и образование за здрав начин на живеење.

### 18.1. Хигиена во училиштето

Училиштето секојдневно презема соодветни мерки за одржување на хигиената, два пати годишно се врши дезинфенкција, а еднаш годишно се врши дезинфенкција, дезинсекција и дератизација на училишните простории.

Хигиената во училиштето е на високо ниво. Тоалетите за наставниците и учениците се чисти и дезинфицирани во секое време од денот. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците и надоворешните скалите се чистат најмалку три пати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат два пати во денот (пред почетокот на секоја смена и на крајот на денот). Останатиот училишен простор се чисти еднаш во денот. Прозорците, вратите и другиот инвентар се чисти два пати во секое полугодие – задолжително на секој распуст.

На почетокот на секоја учебна година санитарен инспектор ја проверува хигиената во училиштето и дава дозвола за непречено одвивање на наставата.

Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и сите земјени површини се позеленети и редовно се одржуваат.

Во текот на учебната година се реализираат еколошки и работни акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња.

### 18.2. Систематски прегледи

Систематските прегледи ќе бидат спроведувани по завршувањето на наставата и тоа за учениците од I, III, V, VII и IX одделение, во присуство на нивните одделенски раководители. Стоматолошките прегледи ќе бидат спроведувани по завршувањето на наставата и тоа за учениците од I,II III,IV,V,VI,VII и IX одделение, во присуство на нивните родители.

### 18.3. Вакцинирање

Со календарот за имунизација и вакцинација оваа учебна година ќе бидат опфатени ученичките од VII одделение кои сакаат да ја примаат вакцината против ХПВ вирусот и учениците од IX одделение, кои ќе ја примаат вакцината против детска парализа, дифтерија и тетанус ( DITE POLIO).

### 18.4. Едукација за здрава исхрана - оброк во училиштата

Свеста за здравата храна како важен фактор за здрвјето на учениците се поттикнува преку предавања кои ги организира училиштето, работилници и индивидуални совети за учениците. Училиштето во текот на цела учебна година континуирано реализира едукативни предавања за здрава храна како преку редовните наставни содржини така и преку соработка со стручни лица од таа област во вид на предавања и работилници.

## 18. Училишна клима

### 19.1. Дисциплина

За почитување на Куќниот ред на училиштето, Кодексот на однесување на наставници и Кодексот на однесување на ученици и на дисциплината во училиштето, редовно се задолжени дежурните наставници назначени со посебен распоред на дежурства по работни денови, согласно Правилник за дежурства на наставници на ООУ “Св.Кирил и Методиј”, с.Дабиље, како и дежурните ученици, согласно Правилник за дежурни ученици на ООУ “Св.Кирил и Методиј”, с.Дабиље.

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Сите вработени во училиштето се задолжени да допринесуваат за уредувањето на истото, се со цел негова подобра функционалност и удобност. Наставниците допринесуваат за естетското и функционалното уредување на училиштето со свои изработки, проекти и

презентации и секако со континуирано поттикнување на учениците за истото. Во училиштето се организираат разновидни настани чија реализација напоредно бара соодветно уредување.

Изгледот на училиштето е важен сегмент во прилагодувањето на учениците и нивно максимално ангажирање во воспитно-образовниот процес. Затоа на истото му се посветува доволно внимание. За таа цел, два пати во учебната година ќе се формираат комисии за избор за најдобро украсено-функционална училница. Освоените награди на учениците ќе им послужат за поттик секоја година да бидат се подобри во уредувањето на својата училница, а со тоа и во општиот изглед на училиштето.

Тим за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето:

| **Одделенска настава** | **Предметна настава** |
|---|---|
| Елеонора Велкова | Кољо Галев |
| Катерина Атанасовска | Адријана Буровска Грнчаров |
| Соња Маглешева | Васе Велков |

## 19.3. Етички кодекси

Училиштето има Кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување на учениците, наставниците и родителите како и останатите структури во училиштето.

Оваа учебна година ќе се работи на зајакнување на соработката помеѓу училиштето и родителите при што до крајот на првото полугодие очекуваме резултатите да бидат видливи.

Училиштето има изготвено Еко-кодекс кој содржи различни еко - пораки за заштита и унапредување на училишната средина и пошироката локална средина. Ја дефинира целата мисија на училиштето и претставува заеднички став односно правилник на однесување на сите вклучени во еколошката програма. На јасен и декларативен начин се покажува посветеноста на училиштето за подобрување на условите во кои се учи и работи.

Еко-кодексот е изработен од самите ученици преку распишан конкурс за најдобри еко-пораки. Еко - кодексот се ревидира секоја учебна година од страна на еко - одборот и учениците, направен е во повеќе креации и изложен на влезот во училиштето.

## 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставниот кадар играат важна улога во одржување на постојано добра атмосфера во училиштето што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Речиси сите ученици (без оглед на способностите, род, етничка припадност, вера и потекло) се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето. За да се подобри комуникацијата помеѓу вработените, односно да се

воспостават добри меѓучовечки односи, потребно е правилно да се разберат луѓето и нивната природа.

Тим за односи меѓу сите структури: Директор, педагог, психолог, спец.едукатор и рехабилитатор, одговорни стручни активи.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Професионалното усовршување на наставниците е сегмент кој во голем дел ја креира климата и квалитетот на наставата во училиштето. Стручното педагошко образование и усовршување не е само потреба, туку и обврска на наставниот кадар.

Како резултат на анализите на самопроцена директорот, стручните соработници и наставниот кадар изработија личен план за професионален развој, од кој идентификувавме три приоритети за професионален развој:

1. Индивидуализација и диференцијација во поучувањето базирана врз познавањето на потребите на учениците
2. Применување инклузивни стратегии за учење и поучување
3. Вклучување на семејствата во планирање активности на паралелката и училиштето

### 20.2. Активности за професионален развој

Во изминатите учебни години наставниот кадар, стручната служба и директорот поминаа голем број на екстерни и интерни обуки, семинари и работилници. За професионалниот развој на наставниот кадар, стручната служба и директорот, се организираат разновидни обуки и семинари од страна на МОН и БРО. Исто така за континуиран професионален развој на наставниот кадар потребно е перманентно следење на стручна литература и сопствено доусовршување. Планирани активности:

- Покрај обврската за постојана лична надградба, наставникот треба да се постави и како истражувач во наставниот процес (да прави свои рефлексии, а резултатите од искуствата и истражувањата да ги вклучува повратно во својата настава, менувајќи ја и прилагодувајќи ја на конкретни случаи). Да внесува иновации во својата работа.
- Покрај изолираната работа (индивидуална активност), да се внесе интеракција на наставниците меѓу себе (тимска работа), како и соработка со стручните служби.
- Водење наставнички и професионални портфолија од страна на стручните служби.
- Обуки, семинари и работилници организирани од МОН, БРО или други странски и домашни акредитирани организации.

### 20.3. Личен професионален развој

Личниот професионален развој на наставникот и стручниот соработник се следи преку професионалното досие и годишните извештаи за реализација на Личен план за професионален развој на наставникот и стручниот соработник и се развива преку следење на семинари и обуки организирани од МОН и БРО како и од десеминации организираниод училиштето.Поединечното усовршување на образовниот кадар во училиштето подразбира следење на наставниците како и нивно вреднување преку посебно изготвени критериуми и инструменти. Во личен професионален развој вклучено е и мотивирањето на наставниците во насока на учество на обуки и семинари, добивање сертификати и слично. Меѓу другото, тука се вбројува и посетата на

конференции, средби од регионален или државен карактер, како и свои пишани и објавени текстови и статии во стручна литература.

### 20.4. Хоризонтално учење

Посетата на наставниците на разни семинари за нивен професионален развој значи и споделување на искуствата и знаењата стекнати на тие семинари. Професионалното стекнато искуство се разменува и споделува со останатите наставици и стручната служба. Сето тоа училиштето го прави преку дисеминација, работилници или отворени часови. Во тој поглед училиштето треба да подготви акциски планови во кои ќе се објаснети активностите и нивните носители, времето на реализација, начинот на следење како и очекуваните резултати и исходи.

### 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Меѓусебната соработка и почитување играат важна улога во функционирањето на училиштето. Во таа насока училиштето предвидува начини и форми за поттикнување на взаемната соработка помеѓу наставниците. Тука акцент се става на отворената комуникација, почитување на поединечни мислења како и критичноста и самокритичноста.

Стручното усовршување и професионалниот развој на образовниот кадар ќе опфати оспособување на наставниците за реализација на новите програмски содржини кои доаѓаат како резултат на општествените промени, новите научни достигнувања, новите планови и програми од прво до деветто одделение и сл. За таа цел училиштето во текот на целата учебна година ќе се грижи за професионалниот развој на наставниците и ќе се залага за нивно активно учество на работилници, обуки и семинари.

Сите овие предвидени активности ќе се реализираат во согласност со потребите и барањата на училиштето и образовниот кадар во текот на учебната година.

## 21.Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Советот на родители во училиштето дејствува во согласност со својата програма за работа и учествува во донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето и реализација на истите. Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање родителски средби најмалку 4 пати во годината, индивидуални родителски средби, распоред за средби со родители и отворен ден за прием, кои се истакнати на огласната табла.

### 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Во текот на целата учебна година училиштето ги информира родителите за воспитно-образовниот процес. Родителите остваруваат континуирана соработка со Училишниот одбор,

директорот на училиштето, наставниот кадар, стручната служба и учениците, давајќи им поддршка на наставниците за работа со учениците со потешкотии во учењето и со талентираните ученици. Семејствата помагаат во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства и материјали, преку учество во организирање на Новогодишен и Велигденски базар.

Родителите даваат иницијативи за поуспешна реализација на слободните ученички активности и другите воннаставни активности, натпревари, екскурзии, приредби, манифестации, промоции и сл.

Родителите се вклучени во давање на идеи, предлози и донесување на одлуки, преку Советот на родители и Училишниот одбор.

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Училиштето планира и реализира едукативни работилници за родители, советодавно-консултативни работилници – индивидуални и групни преку Програмата за советување на родители и посета на семејства на ранливи групи ученици.

Училиштето има формирано тим за подготовка и реализација на брошура за родители, преку која родителите се запознаени со одделни делови од програмата за работа, правата и обврските на учениците и организацијата на работата во училиштето. Брошурата за родители се печати во месец август.

## 22.Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

-Локална заедница

Соработката на училиштето со локалната заедница се изведува преку учество во хуманитарни акции, реализација на заеднички проекти со локалната самоуправа и со месното население и учество во настани од интерес на заедницата.

- Институции од областа на културата

Училиштето и во текот на оваа учебна година ќе учествува на објавените ликовни и литературни конкурси и натпревари, изложби, посета на културно-историски споменици и музеи, ЛУ Библиотека “Благој Јанков-Мучето”, НУЦК “Антон Панов”, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Струмица.

- Институции од областа на образованието

Училиштето ќе остварува континуирана соработка со МОН, БРО, ДПИ, Одделението за образование при општина Струмица, овластениот општински просветен испектор, како и со останатите основни и средни училишта, со цел успешна реализација на воспитно-образовната дејност согласно законските регулативи.

- Невладини организации

Училиштето активно ќе учествува во реализацијата на проектите во соработка со невладините организации од општина Струмица - Организација на жени, Хуманост, Дом за

деца и млади “Благој Јанков-Мучето”, Младински Совет, ОО Црвен крст-Струмица, Центар на заедницата.

- Здравствени организации

Заради грижа за здравјето на учениците и вработените, училиштето ќе соработува со ЈЗУ Струмица, Центарот за социјални грижи, Фонд за здравствено осигурување, осигурителната компанија CROATIA ОСИГУРУВАЊЕ. Училиштето ќе соработува и со СВР- Струмица, Отсек за превенција со цел реализација на едукативни предавања за здравјето на учениците.

- Медиуми

Постигнатите резултати од различен вид, вклученоста во проектни активности, како и другите активности предвидени во годишната програма на училиштето ќе бидат промовирани преку локалните електронски медиуми: Струмица нет, Јул медија,  Струмица денес, Општина Струмица и преку телевизискиот медиум ТВ Вис и други.

## 23.Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| | | Временска рамка (месец) | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Задача | Активност | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | Носител | Начин на спроведување | Инструменти | Очекувани резултати | Одговорно лице |
| **Подготовка на програмите и акционите планови** | Проверка на изготвените програми и акциони планови | √ | | | | | | | | | | | √ | Стручни соработници | Проверка на изработените програми и акциони планови врз основа на однапред дадени насоки за изработка | Чек листа | Правилно изготвени програми и акциони планови според насоките дадени од страна на училиштето.БРО и МОН | Директор стручна служба |
| **Следење на реализацијата на програмите и акционите планови** | 1.Спроведување на активности зададени во програмите и акционите планови 2.Одржување на координативни состаноци меѓу координаторите на тимовите,стручните соработници и раководната служба | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | Раководна служба ,стручни соработници, координатори на тимови | Реализација на различни активности и одржување на состаноци | Извештаи од спроведени активности и записници од состаноците | Навремена и целосна реализација на планираните активности | Директор стручна служба |
| **Евалуација на програмите и акционите планови** | Анализа и евалуација на спроведените активности зададени во програматите и акционите планови | | | | | √ | | | | | √ | | | Раководна служба ,стручни соработници, координатори на тимови | Врз основа на поднесените полугодишни и годишни извештаи се прави анализа и евалуација за реализацијата на активностите | Извештаи и анализи од спроведената евалуација. | Навремена и целосна реализација на планираните активности | Директор стручна служба |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Годишната програма за работа на училиштето преставува основа, патоказ врз која се темели целокупната работа и активности во текот на годината. Сите предвидени активности во годишната програма се многу динамични и перманентно се следи нивната реализација преку

опсервации, разговори, советувања, средби, консултации, записници, протоколи за работа , извештаи , анализи, спроведување на прашалници,листи за самопроценка увиди во педагошка документација и други инструменти.

Училиштето на секои две години спроведува самоевалуација за работата каде што се идентификуваат добрите и лошите страни во работењето и се даваат предлози за надминување на недостатоците преку наведување на идни активности.

Изработените Годишни, тематски планирања на наставниците се евалуира од страна на стручните соработници преку изработени протоколи за следење, анализа на планирањата и консултации со наставниците. Реализацијата на наставните планови се следи перманентно преку разговори, посета на часови, преку записници од одржани состаноци на стручни органи, средби и сл. Проверката, следењето на навременоста на тематските и дневните подготовки на наставниците се реализира со пропишана интерна процедура, евидентни листови, разговори со директор, наставници, записници од состаноци на стучни активи и други докази.

Програмите за дополнителна настава и другите вонаставни активности се следат преку увиди во педагошката документација, добиени дипломи, пофалници од учество на манифестации и наградни конкурси,интервјуа со наставници, родители и ученици. Реализацијата н вонаставните активности се следат и преку бројот на изложени трудови на видни и соодветни места во учелиштето.

Постигањата на учениците е една од приоритетните задачи на воспитно образовниот процес и нивното следење е континуирано преку анализа на успехот , споредби со предходни години,анкети со ученици, наставници и родители,увиди на часови од страна на стручната служба.Постигањата се следат и преку увиди во педагошка документација, електронски дневник, записници од стручните органи во училиштето. Училиштето има систем за идентификацја на ученици кои имаат тешкотии во учењето, талентираните ученици, како и учениците со посебни образивни потреби и нивниот напредк континуирано се следи од наставниците и стручните соработници. Училиштето има политика за вертикално и хоризонтално движење на учениците, се идентификуваат и се преземаат иницијативи, разговори со наставници, родители за напредок на децата или пак за останување во исто одделение со цел подобтување на постигањата.

Образовните потреби на учениците се следат преку спроведување на анкети со ученици и родители, анализа, разговори со ученичката заедница, програмата и записниците од ученичкиот парламент како и увид во програмите на стручните соработници.

Поддршката и грижата за учениците за нивното здравје, професионална ориентација се следи континуирано преку увиди во програмите за работа на директорот, стручните соработници, записници од индивидуални разговори, увид во педагошка евиденција (работа на проекти), записници од реализирани работлници,записници од родителски средби. Исто така овие активности се следат и преку реализација на програмите за професионална ориентација анкетирање и интервјуа со учениците, предавањата и промоција на средниучолишта. Условите за работа во училиштето како и професионлниот развој на наставно воспитниот кадар се евалуира преку непосреден увид, записници од просветна и санитарна инспекција, увид во набавка на нагледни средства и помагала, увид во набавени и потрошени материјални средства преку увид во интерни акти, годишни извештаи, записници,

самоевалуација и развоен план на училиштето, добиени сертификати од учество на обуки и семинари.

## 25. Заклучок

Годишната програма за работа претставува краткорочен развоен документ која ги опфаќа сите активности во текот на годината и се заснова на повеќе валидни документи.

Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Наставните планови и програми ќе се реализираат во пропишаниот обем, а според визијата на училиштето да бидат со современа, ефикасна и квалитетна настава во 21 век со унапредување на наставниот процес и едукација на учениците и наставниците.

Наставните планови и програми како и годишната програма за работа на училштето им се достапни на наставниците и тие можат навремено да подготват свои тематски планирања, ида ги прилагодат според можностите и способностите на учениците, вклучувајќи и изработка на ИОП за децата со посебни потреби инклузирани во редовната настава.

Насоките дадени во годишната програма за почитување на воспоставените процедури за реализација на изборна настава како и други вонннаставни активности се почитуваат.

Наставниот кадар е мотивиран за покренување на иницијативи и реализација на проекти со учениците, применуваат разновидни форми и методи за работа со што се зголемува интересот кај учениците за постигнување поголеми резултати, развивање на разни вештини и способности. Примарна цел при остварувањето на поставените принципи во годишната програма е да оспособуваме здрави генерации на ученици. Намерата е да покрај образовната компонента, кај учениците го поттикнеме и творечкиот кретивен дух, да ги развиваме вештините на кооперативност, самодоверба, развивање на лична и колективна одговорност.

Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањата, а наставниците ги користи тие информации за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори. Наставниците разменуваат искуства и идеи на средбите на стручни активи како и во соработка со стручните соработници.

Преку реализација на поставените задачи во годишната програма настојуваме да создадеме клима која што ќе промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање. Начинот на кој се реализираат поставените задачи начинот на кој се работи и се пренесуваат сите знаења и вештини настојуваме да биде интересен и охрабрувачки за да можат учениците самостојно и критички да мислат, да бидат компетентни за преземање на сопствени акции и иницијативи. Училиштето низ разни форми треба да поттикнува и мотивира комуникација и соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето, да градат партнерски однос. Нашата заложба е учениците заеднички да работат на различни проекти во и надвор од наставата, во групи со хетероген состав и големина.

При реализацијата на програмските подрачја од годишната програма наставниците користат различни методи и нструменти за оценување и следење на напредокот на учениците со што самите ученици се вклучуваат во оценувањето преку: самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолиа и сл. Самооценувањето и самопроценката

настојуваме да биде дел од нашата пракса како за учениците така и за наставниците и родителите. Досегашните вакви искуства се позитивни и ќе настојуваме во иднина да ги реализираме и да го унапредуваме процесот на самопроценка за сопствените залагања.

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Инфраструктурата во училиштето во последната година доби еден нов убав лик, со преземените активности за оплеменување на холовите, влезот и други зафати тоа преставува една здрава средина каде што се води грижа за хигиената и здравјето. Овие промени ќе продолжат и во иднина бидејки имат позитивен ефект во градење на култура на однесување, влијае на зголемување на работната дисциплина.

Во текот на реализација на воспитно образовната работа во целина ќе инсистираме на професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во одржувањето на постојана поттикнувачка атмосфера во училиштето. Сите наши постигнувања ќе ги промовираме во поширока општествена средина.

Реализацијата на активностите и плановите од годишната програма ќе се реализираат преку унапредување на тимската работа, меѓусебната соработка и ангажирање на раководниот орган кој има стратешка определба што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план.

**26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште**

- Васил Бубев– директор
- Слаџана Николова – стручен соработник- педагог
- Фросина Василева-Тошевска – стручен соработник- психолог
- Зорица Бозова – стручен соработник- специјален едукатор и рехабилитатор
- Жарко Спасов – предметен наставник
- Наталија Пецанова – предметен наставник
- Ице Пецанов – ученик (претставник од ученички парламент)

**27. Користена литература**

1. Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште (член 49став (6) од законот за основно образование, сл. Весник бр.161/19 и 229/20 (објавено на МОН на 07.07.2020 год. )

2. Наставните планови и програми (http://www.bro.gov.mk/?q=osnovno-obrazovanie);

3. Законот за основно образование

4. Закон за заштита на лични податоци

5. Закон за работни односи

6. Закон за јавни набавки,

7. Закон за организација и работа на органите на државната управа

8. Подзаконски и интерни акти (Статут, Етички кодекс, Деловници за работа на органите итн.), Правилник за работа на комисии, Правилник за дежурства на наставници, Правилник за дежурни ученици, Правилник за изведување на екскурзии, Правилник за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците, Правилник за заштита на лични податоци, Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на училишните натпревари на учениците) и др.

9. Статутот на училиштето;

10. Програма за развој на училиштето;

11. Самоевалуација на училиштето

12. Програма за професионален развој на училиштето и др.

Струмица М.П. Потпис на Директор
август, 2024 година Васил Бубев

______________________

Потпис на Претседател на
Училишен одбор
Сузана Атанасова

______________________

**Прилози**

- Годишна програма за работа на директор – Прилог 1
- Годишна програма за работа на педагог – Прилог 2
- Годишна програма за работа на психолог – Прилог 3
- Годишна програма за работа на дефектолог – Прилог 4
- Годишна програма за работа на библиотекар – Прилог 5
- Годишна програма за работа на училишен одбор – Прилог 6
- Годишна програма за работа на совет на родители – Прилог 7
- Годишна програма за работа на наставнички совет – Прилог 8
- Годишна програма за работа на стручни активи – Прилог 9
- Годишна програма за работа на стручниот актив на општествено – јазична група – Прилог 10
- Годишна програма за работа на стручниот актив на природната група на предмети – Прилог 11
- Годишна програма за работа на стручниот актив по ликовно,музичко и физичко и здравствено образование – Прилог 12
- Годишна програма за работа на хор и оркестар – Прилог 13
- Акционен план за реализација на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието – Прилог 14
- Акционен план за реализација на проектот Интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем – Прилог 15
- Годишна програма за заштита и спасување од елементарни непогоди – Прилог 16
- Годишна програма за реализација на ученички екскурзии – Прилог 17
- Годишна програма за реализација на ученички натпревари – Прилог 18
- Годишна програма за додатна настава – Прилог 19
- Годишна програма за дополнителна настава – Прилог 20
- Годишна програма за општествено- хуманитарна работа – Прилог 21
- Годишна програма за работа на одделенска заедница – Прилог 22
- Годишна програма за работа на училишна заедница – Прилог 23
- Годишна програма за соработка со локална средина и локална заедница – Прилог 24
- Годишна програма за грижа за здравјето на учениците – Прилог 25
- Годишна програма за јавна и културна дејност на училиштето – Прилог 26
- Годишна програма за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем – Прилог 27
- Годишна програма за професионален развој – Прилог 28
- Годишна програма за поддршка на наставниците и учениците – Прилог 29
- Годишна програма за професионален развој на учениците– Прилог 30
- Годишна програма за превентивни програми – Прилог 31
- Годишна програма за работа со ранлива група на ученици – Прилог 32
- Годишна програма за Етички кодекс за однесување на наставниците – Прилог 33
- Годишна програма за Етички кодекс за однесување на учениците – Прилог 34
- Годишна програма за Еко кодекс – Прилог 35
- Годишна програма за Еколошки активности – Прилог 36
- Годишна програма за работа на инклузивен тим за образование – Прилог 37
- Годишна програма за работа со надарени и талентирани ученици – Прилог 38
- Годишна програма за работа со ученици со посебни потреби – Прилог 39
- Годишна програма за работа со ученици со потешкотии во учењето – Прилог 40
- Годишна програма за работа со ученици со емоционални проблеми – Прилог 41
- Годишна програма за Антикорупциска едукација – Прилог 42
- Годишна програма за Отворен ден во училиштето по граѓанско образование( Антикорупциска едукација ) – Прилог 43
- Акционен план за заедничка активност – Прилог 44
- Годишна програма за постигнување на учениците – Прилог 45
- Годишна програма за празници и неработни денови – Прилог 46
- Годишна програма за поделба на класно раководство – Прилог 47
- Годишна програма за поделба на часови на наставниот кадар – Прилог 48
- Годишен план за работа на ученички парламент – Прилог 49
- Програма за унапредување на менталното здравје на учениците во училиштето - Прилог 50

**Прилози од Програмата „Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем на Република Северна Македонија“**

**1. Заштеда на енергија**
1.1 Едукација на учениците за енергијата и нејзиното значење
1.2 Изработка на упатства за заштеда на електрична и топлинска енергија
1.3 Изработка на креативни пораки за заштеда на енергија
1.4 Формирање на Еко – патроли

**2. Заштеда на вода**
2.1 Едукација на учениците за значењето на водата
2.2 Изработка на упатства за рационално користење на вода
2.3 Акција за собирање на дождовница
2.4 Изработка на креативни пораки на тема: „Без вода нема живот“
2.5 Одбележување на 22- ри Март - Светскиот ден на заштеда на водата

**3. Одржување на училишната зграда и здрава средина во училиштето**
3.1 Акција за расчистување на непотребните предмети во училиштето
3.2 Уредување на училниците
3.3 Одбележување на 5-ти Јуни – Светскиот ден на животната средина

**4. Уреден и еколошки двор во училиштето**
4.1 Хортикултурно уредување на просторот
4.2 Поставување на соодветни корпи за органско ѓубре, за стакло и за пластика

**5. Отпад**
5.1 Искористување на пластиката во создавање на уметничка вредност
5.2 Подготвување на план за управување со отпадот
5.3 Рециклирање и реупотреба

**6. Здравје**
6.1 Подигање на свеста на пошироката заедница за користење на здрава храна
6.2 Влијанието на физичката активност врз здравјето
6.3 Изработка на упатства за користење на здрава храна
6.4 Одбележување на Меѓународниот ден на храната 16 Октомври

**7. Биодиверзитет**
7.1 Кампања за заштита на биодиверзитетот во училишниот двор и во пошироката околина

**8. Транспорт**
8.1 кампања за возење велосипед промовирана пред училиштето и пред пошироката околина

**9. Одржлив развој**
9.1 кампања за подигање на свеста за прашања поврзани со животната средина, вклучувајќи ја целата училишна заедница и општината

## Инструмент за подготовка, следење и евалвација на програмите и акционите планови

| Година 2023/2024 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Временска рамка (месец) | | | | | | | | | | | | | | | | Следење | | |
| **Активност** | **9** | **10** | **11** | **12** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **Носител** | **Начин на спроведување** | **Инструменти** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** | **√ ×** | **Потребен буџет** |
| Подрачје на промени, приоротети и цели | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | Тим наставници | Хартија, компјутер, печатар, пенкала, интернет | Листа на проценка | Реализација на планираните активност | Директор | √ | / |
| Проекти кои се реализираат во наставата | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | | | Училишен тим за проекти во настават | Училишен тим за проекти во настават | Листа на проценка | Реализација на планираните активност | Директор Стручна служба | √ | / |
| Употреба на ИКТ во наставата | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | | | Одделенски и предметни наставници | Хартија, компјутер, печатар, дневник на паралелката, оперативни планови, годишни планирања на наставн | Листа на Проценка и извештаи | Реализација на ИКТ во наставата (30% и во воннаставните активности) | Директор Стручна служба | √ | / |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | иците | | | | | | |
| Општестве но–хуманитарна работа | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | | | Наставен и ненаставен кадар, ученици, | Хартија, компјутер, печатар, финансиски средства | Записници, дневник на паралелката | Реализација на планираните активност | Директор Стручна служба | √ | / |

# Прилози

Прилог 1

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

Улогата на директорот на училиштето добива поголема општествена одговорност како водач кој ги креира, промовира, реализира и евалуира промените во училиштето при тоа од огромна важност е директорот на училиштето да создаде тим и клима на високи очекувања за успех, како кај наставниците, така и кај учениците.

Како директор ќе применувам водство и тим на наставници прилаогодливи на промени, секогаш подготвени да овозможиме поттик за подобрување квалитетот на наставата, а се со цел остварување на целокупната подолгорочна визија.

Како училиште имаме јасна, взаемно дефинирана мисија и воспоставена визија за развој квалитетно, ефективно училиште. Директорот на една воспитна институција е тој што ја гради визијата за тоа како институцијата треба да изгледа. Со други зборови важно е да се има визија но уште поважно е истата да се реализира.

Квалитетот на работењето во училиштето е препознатлив преку степенот на професионализација на воспитно – образовниот кадар, која ќе овозможи развивање вештини за планирање, водење, донесување одлуки, менаџмент, решавање на проблеми, работна етика, меѓусебно почитување и тимска работа.

## 1. ПЛАНИРАЊЕ

| Содржина | Учесници | Време | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|
| Планирање и организирање на работата: | Стручни соработници и сите наставници | Август и септември | Исполнување на институционални рамки, законски обврски и други определби |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Проекти | Стручни соработници и сите наставници | Цела учебна година | Унапредување на образовната и воспитната дејност на училиштето |
| Збогатување со нагледни средства и технички помагала | Локална самоуправа, МОН, донатори, спонзори и родители | Цела учебна година | Унапредување на наставата |
| Професионален развој на наставниот кадар | Сите вработени | Цела учебна година | Унапредување на воспитно образовната дејност |
| Развојно планирање на училиштето | Формирани тимови | Цела учебна година | Унапредување на воспитно образовната дејност и стекнување имиџ |

**2.ОРГАНИЗИРАЊЕ**

| **Содржина** | **Учесници** | **Време** | **Очекувани ефекти** |
|---|---|---|---|
| Административно-програмски задачи. Концепција на Годишната програма за работа на училиштето. Дефинирање на воспитно-образовни цели и задачи. Екипирање и создавање тимови | стручни соработници, административни работници и наставници | Цела година | Квалитетна настава |
| Подготовка на извештај и анализи | Стручни соработници и тимови | Ноември, јануари, март, август | Конкретизација на активностите, резултатите и очекувањата |
| Изработка на акциони планови | | | |

**3.РАКОВОДЕЊЕ**

| Содржина | Учесници | Време | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Педагошки увид: посети на часови, консултативна и советодавна работа.<br>- Увид во педагошката документација и евиденција | | Цела година | Објективно вреднување на воспитно образовната работа |
| Формирање на паралелки<br>Рапределба на часови<br>Именување на одделенски раководители на паралелки<br>Избор, примена на стратегија за работа со соодветната образовна технологија (наставни форми, методи, техники, нагледни срердства и помагала) | | Јуни, август и цела година | Подобрување на функционалн ата состојба на училиштето |
| Работа со стручните работници, наставниците, другите вработени, родителите и други служби надвор од училиштето | | Континуи рано | Правилна примена на законите и правна ажурност во администрат ивното работење |
| - Аналитично студиска работа;<br>- Анализа и вреднување на годишните, тематските и дневните планирања;<br>-Изработка на извештаи, осврти и мислења | Стручни соработн ици и сите наставни ци | Цела година | Перманентно унапедување и усовршување на работата |
| Организирање на соработка со:<br>Стручни институции и установи, стручни лица, општина Струмица, МОН, БРО | | Цела година | Унапредувањ е на дејноста и афирмирање на училиштето |

Екипното планирање од страна на директорот ќе придонесе за поефикасно искористување на човечките ресурси во училиштето, во смисла на соодветна, поефикасна и поквалитетна ангажираност на сите вработени.

**4.КООРДИНИРАЊЕ**

Во својата работа директорот предвидува да применува хоризонтална и вертикална координација, а воедно и интеракција меѓу тие две компоненти, при што ќе бидат застапени и други субјекти

**5.КОНТРОЛА**

Директорот на училиштето ќе врши постојана контрола во текот на целата учебна година, а таа ќе биде:
- превентивна
- во текот на реализацијата
- постконтрола, кога ќе ги согледува и вреднува резултатите во реализацијата на воспитно образовниот процес

Контролата ќе се врши во рамките на целокупната работа, а посебно на реализацијата на активностите што се поврзани со основната дејност на училиштето.
Самата контрола и резултатите од контролата треба да дадат:
- добра организација на наставниот процес и ефикасно функционирање на училиштето во целина
- пријатна училишна клима
- повисок степен на училишна култура
- убав лик на училиштето

Покрај интерната контрола во текот на учебната година се очекува и екстерна контрола од страна на институциите кои за тоа се со закон овластени.

**6.ВРЕДНУВАЊЕ, ЕВАЛВАЦИЈА**

Во текот на учебната 2023/2024 година, директорот ќе го следи остварувањето на воспитно-образовниот процес и ќе ги вреднува резултатите во следните подрачја на работа:
- годишната програма за работа
- стручни соработници
- редовност и поведение на учениците
- планирањата на наставниците
- стручни активи
- унапредување на наставната технологија
- унапредување на оценувањето

Вреднувањето и евалвацијата ќе се реализираат со соодветни инструменти, извештаи и сл.
Остварувањето на програмските определби на директорот е тесно поврзано со вработените во училиштето и во голема мера е условено од нивното квалитетно вклучување во тој процес.
Тоа поготово ќе има негативно влијание ако кај нив недостасува мотивацијата, како фактор кој има силно влијание во извршувањето на било која човечка активност.
Токму овој фактор го поттикнува директорот да работи на полето на мотивацијата на вработените користејќи:

- признанија
- потенцирање на јаките страни на личноста
- оптимистички приод во контакти со вработените
- промоција со одобрени звања што претставуваат кариерен развој и стимул

**Дел од програмата на директорот е содржана во годишната програма на училиштето “Св. Кирил и Методиј”, а истата може да се менува во соработка на БРО, Министерството за образование на Република Македонија и друга институција која е во непосредна врска со образованието.**

Прилог 2

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПЕДАГОГОТ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

Годишната програма за работа на педагогот е изработена врз основа на:

- Законот за основно образование
- Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 година

Годишната програма за работа на педагогот може да претрпи промена заради усогласување со препораките и насоките од страна на Одделението за образование во општина Струмица, МОН, БРО и други надлежни институции.

| Подрачје | Активности | Време на реализација | Соработници |
|---|---|---|---|
| ПЛАНИРАЊЕ И ПРОГРАМИРАЊЕ | 1. Изготвување на Годишна програма за сопствена работа | јули | Директор |
| | 2. Изготвување на месечни (оперативни) планирања за сопствената работа | секој месец во текот на учебната година | Директор |
| | 3. Изготвување на извештај за сопствената работа | во текот на учебната година | Директор |
| | 4. Учество во изготвување на Годишна програма за работа на училиштето | јули | директор, психолог, библиотекар, наставници |
| | 5. Учество во изготвување на полугодишниот и годишниот извештај за работа на училиштето | Декември, август | Директор, психолог |
| | 6. Учество во работата на Наставничкиот совет | во текот на учебната година | Директор, психолог |
| | 7. Сопствено стручно усовршување (посета на семинари, обуки, работилници организирани од МОН,БРО и други институции, следење на стручна литература) | во текот на учебната година | советници, педагози од други училишта |
| | 8. Стручно и професионално усовршување на наставниците/учителите (консултативни разговори, помош со стручна литература и сл.) | во текот на учебната година | директор, психолог, наставен кадар |

| | | | |
|---|---|---|---|
| РАБОТА СО УЧЕНИЦИ | Запишување на деца во прво одделение и следење на нивниот развој | мај, септември, октомври | Психолог, одделенски раководител |
| | Следење на прилагоденоста на учениците во шесто одделение и на новодојдените ученици од други училишта | септември- октомври | одделенски раководител |
| | Следење на навремено вакцинирање и изведување на систематските прегледи на учениците | во текот на учебната година | ЈЗУ Општа болница Струмица |
| | Професионална ориентација на учениците од деветто одделение (анкетирање и реализација на работилница на тема: "Самоспознавање-автопортрет") | декември- мај | Психолог |
| | Периодична анализа на постигнатиот успех и редовноста по пол и етничка припадност | во текот на учебната година | одделенски раководители |
| | Соработка со училишната заедница | во текот на учебната година | Ученици |
| | Следење на изрекувањето на педагошките мерки за кршење на училишните правила и куќниот ред на училиштето | во текот на учебната година | директор, одделенски раководител |
| | Унапредување на менталното здравје кај адолесценти | во текот на учебната година | директор, одд. раководители, струч.соработници |
| | **РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ** | | |
| | 1. Примена на инструменти за идентификација на учениците со посебни образовни потреби | септември | Стручни соработници, родители, наставен кадар |
| | 2. Давање поддршка за изработка на индивидуален образовен план за учениците со посебни образовни потреби | октомври | Стручни соработници, наставен кадар |
| | 3. Следење на реализација на задолжителната и дополнителната настава | во текот на учебната година | специјалниот едукатор и рехабилитатор , психолог, наставен кадар |
| | 4. Советодавно- консултативна работа со родителите и наставниците на овие ученици | во текот на учебната година | директор, психолог, специјалниот едукатор и рехабилитатор |
| | **РАБОТА СО НАДАРЕНИ / ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ** | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 1. Примена на инструменти за идентификација на надарени/ талентирани ученици | септември- октомври | наставен кадар |
| | 2. Следење на реализација на задолжителната и додатната настава | во текот на учебната година | Стручни соработници, наставен кадар |
| | 3. Советодавно- консултативна работа со родителите и наставниците на овие ученици | во текот на учебната година | директор, психолог, наставен кадар |
| | | | |
| **РАБОТА СО РАНЛИВА ГРУПА УЧЕНИЦИ** | | | |
| **РАБОТА СО УЧЕНИЦИ** | 2. Индивидуални разговори и реализација на работилници со учениците | во текот на учебната година | Директор, психолог |
| | 3. Советодавно- консултативна работа со родителите и наставниците на овие ученици | во текот на учебната година | наставници, родители, директор, психолог |
| **РАБОТА СО УЧЕНИЦИ** | **ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИ** | | |
| | Работилница на тема: “Не дозволувај да те излажат и искористат. Информирај се себе си и другите” | октомври | Стручни соработници, ОО Црвен крст- Струмица |
| | Работилница на тема: “Зголемување на мотивацијата за учење и постигнување” | во текот на учебната година | Стручни соработници |
| | Работилница на тема: “Последици од употреба на петарди и други пиротехнички средства” | декември | Стручни соработници, СВР Струмица |
| | Работилница на тема: “ Насилство меѓу младите и решавање конфликти” | во текот на учебната година | Стручни соработници, СВР Струмица |
| | Работилница на тема “Превенција од злоупотреба на алкохол, дрога и никотин” | април | Стручни соработници, СВР Струмица |
| | Работилница на тема “ Сексуално преносливи инфекции ” | декември | Психолог, наставник по биологија, ученици |
| | Спроведување на истражување за подобрување на воспитно-образованата работа во училиштето | во текот на учебната година | Стручни соработници, ученици, наставници |
| **СО НАСТ** | Поддршка на наставниците во изготвување на глобалните и тематски планирања на | август | Наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | наставниците | | |
| | Поддршка на наставниците за водење на педагошката евиденција и документација | во текот на учебната година | наставници, директор, психолог |
| | Анализа на глобалните, тематските планирања, планирањата за додатна, дополнителна настава и за слободни ученички активности на наставниците | септември- октомври | Директор, психолог |
| | Водење на педагошки картон за наставниците | во текот на учебната година | Директор, психолог |
| | Консултации со стручните активи на наставниците | во текот на учебната година | Наставници, психолог |
| | Следење на реализацијата на наставниот план и програма (задолжителна настава, додатна и дополнителна настава, слободни ученички активности) | во текот на учебната година | Директор,психолог |
| РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ | Следење на прилагоденоста на критериумите и стандардите за оценување и на нивната примена | во текот на учебната година | Директор |
| | Посета на настава и укажување за нејзино подобрување | во текот на учебната година | Директор,психолог |
| | Работилница на тема:”Запознавање на наставниот кадар со состојбата на учениците со потешкотии во учењето” | во текот на учебната година | Стручни соработници |
| | Поддршка на наставниот кадар за реализација на активностите во рамките на ПМИО и на "Интеграција на еколошкото образование во рамките на редовната настава" | во текот на учебната година | библиотекар, психолог, наставен кадар |
| | Поддршка на наставниците за работа со ученици со посебни образовни потреби, со потешкотии во учењето, надарени/ талентирани ученици и ранлива група ученици | во текот на учебната година | наставници, психолог, специјалниот едукатор и рехабилитатор |
| РАБОТА СО РОДИТЕЛИ | Советодавно- консултативна работа со родителите на учениците со посебни образовни потреби, надарени/ талентирани ученици и ранлива група ученици | во текот на учебната година | Родители |
| | Реализација на работилница со родителите на учениците од прво | септември-октомври | одделенски раководител на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | одделение на тема: "Поттикнување на емоционалниот и социјалниот развој на децата" | | ученици од прво одделение |
| | Анкетирање на родителите за потребите на проектите кои се реализираат во училиштето и за изучување на изборните предмети за следната учебна година | во текот на учебната година | Родители |
| | Соработка со Советот на родители | во текот на учебната година | членови на Советот на родители |

Прилог 3

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПСИХОЛОГОТ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

Годишната програма за работа на психологот е изработена врз основа на:

- Законот за основно образование
- Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 година

Годишната програма за работа на психологот може да претрпи промена заради усогласување со препораките и насоките од страна на Одделението за образование во општина Струмица, МОН, БРО и други надлежни институции.

| **Реден број** | **ПРОГРАМСКИ СОДРЖИНИ** |
|---|---|
| I | Планирање и подготовка на работата на психологот |
| II | Изготвување, планирање и програми на ниво на училиште |
| III | Советодавна работа со ученици |
| IV | Работа со ученици со посебни образовни потреби |
| V | Работа со талентирани/надарени ученици |
| VI | Работа со ученици со потешкотии во учењето |
| VII | Поддршка на ученици |
| VIII | Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и воннаставните активности |
| IX | Работа на професионална ориентација |
| X | Соработка со родители |
| XI | Соработка со наставници |
| XII | Педагошка евиденција и документација |
| XIII | Улога на психологот во унапредување на менталното здравје на адолесцентите |

| Подрачје 1: Планирање и подготовка на психологот | | |
|---|---|---|
| Активности | Време на реализација | Соработници |
| 1.Изготвување на Годишна програма за сопствената работа;<br><br>2.Изготвување на месечни(оперативни) планирања за сопствената работа;<br><br>3.Изготвување на извештај за сопствената работа; | јули<br><br>секој месец во текот на учебната година<br><br>во текот на учебната година | директор, педагог<br><br>директор<br><br>директор |
| Подрачје 2: Изготвување, планирање и програми на ниво на училиште | | |
| Активности | Време на реализација | Соработници |
| 1.Учество во изготвување на Годишна програма за работа на училиштето;<br><br>2.Учество во изготвување на полугодишниот и годишниот извештај за работа на училиштето;<br><br>3.Учество во работата на Наставничкиот совет;<br><br>4.Изготвување програма за Советување на родители;<br><br>5.Сопствено стручно усовршување(посета на семинари, обуки, работилници организирани од МОН, БРО и други институции);<br><br>6.Стручно и професионално усовршување на наставниците/учителите (консултативни разговори, помош со стручна литература и сл.); | јули<br><br>јануари,август<br><br>во текот на учебната година<br>септември,октомври<br><br>во текот на учебната година<br><br>во текот на учебната година | директор, педагог, спец.едукатор и рехаб, библиотекар,наставници<br>директор, педагог<br><br>директор, педагог<br><br>директор, педагог<br><br>советници, психолози од други училишта<br><br>директор, педагог, наставен кадар |
| Подрачје 3: Советодавна работа со ученици | | |
| Активности | Време на реализација | Соработници |

| | | |
|---|---|---|
| 1.Следење и откривање на проблеми кај учениците од индивидуален карактер кои се однесуваат на слаба адаптација и анти и асоцијално однесување;<br><br>2. Следење и откривање проблеми кај групи ученици;<br><br>3. Проучување на социјалната клима во паралелката и мотивација за учење;<br><br>4. Следење на прилагоденоста на учениците во шесто одделение и на новодојдените ученици од други училишта;<br><br>5. Соработка со училишната заедница; | континуирано<br><br>септември, октомври<br><br>во текот на учебната година | директор, наставници,педагог, ученици од I до IX одд.<br><br>одделенски раководител, педагог<br><br>ученици |
| Подрачје 4: Работа со ученици со посебни образовни потреби | | |
| Активности | Време на реализација | Соработници |
| 1. Помош во изготвување индивидуални планирања и конкретизирање развојни цели во планирањето со наставниците (ИОП);<br><br>2. Следење на реализација на задолжителната и дополнителната настава;<br><br>3. Советодавна – консултативна работа со родителите и наставниците на овие ученици;<br><br>4. Водење досие за учениците;<br><br>5. Индивидуална работа со ученици | октомври<br><br>во текот на учебната година<br><br>во текот на учебната година<br><br>во текот на учебната година<br>во текот на учебната година | стручни соработници, наставен кадар<br><br>спец.едукатор и рехаб, наставен кадар<br><br>директор, спец.едукатор и рехаб.<br><br>наставен кадар<br><br>стручни соработници, наставен кадар |
| Подрачје 5: Работа со талентирани/надарени ученици | | |
| Активности | Време на реализација | Соработници |

| | | |
|---|---|---|
| 1. Вклучување во активности кои се однесуваат на спецификите на талентираност и надареност по наставни подрачја;<br><br>2. Примена на инструменти за идентификација на надарени/талентирани ученици;<br><br>3. Следење на реализација на задолжителна и додатна настава;<br><br>4. Советодавно – консултативна работа со родителите и наставниците на овие ученици; | во текот на учебната година<br><br>септември – октомври<br><br>во текот на учебната година<br><br>во текот на учебната година | наставници, педагог<br><br>спец.едукатор и рехаб, наставен кадар<br><br>стручни соработници, наставен кадар<br><br>директор,стручни соработници, наставен кадар |
| Подрачје 6: Работа со ученици со потешкотии во учењето | | |
| Активности | Време на реализација | Соработници |
| 1. Примена на инструменти за идентификација на ученици сониска самодоверба, ученици со проблеми во однесувањето и во остварување на социјална комуникација, ученици со емоционални проблеми и кои насилно се однесуваат во училиштето;<br><br>2. Советодавно – консултативна работа со родителите и наставниците на овие ученици;<br><br>3. Индивидуални разговори и реализација на работилници со учениците; | септември – ноември<br><br>во текот на учебната година<br><br>во текот на учебната година | наставници, родители, директор<br><br>наставници, родители, директор, педагог<br><br>директор, педагог |
| Подрачје 7: Поддршка на ученици | | |
| Активности | Време на реализација | Соработници |
| 1. Запишување на деца во прво одделение и следење на нивниот развој;<br><br>2. Следење на навремено вакцинирање и изведување на систематските прегледи на учениците;<br><br>3. Спроведување на истражување за подобрување на воспитно – образовниот процес во училиштето;<br><br>4. Работилници на тема (зголемување на | мај, септември, октомври<br><br>септември – октомври<br><br>во текот на учебната година<br><br>во текот на учебната година | Педагог, одделенски раководител<br><br>ЈЗУ Општа болница Струмица<br><br>стручни соработници,учениц и, наставници<br><br>стручни соработници, Црвен крст – Струмица |

| | | |
|---|---|---|
| мотивацијата за учење, последици од употреба на петарди и други пиротехнички средства, насилство меѓу младите и решавање конфликти, превенција од злоупотреба на алкохол, дрога и никотин, сексуално – преносливи болести) и др. | | СВР – Струмица, наставник по биологија, ученици |
| Подрачје 8 : Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и воннаставните активности | | |
| Активности | Време на реализација | Соработници |
| 1. Анализа на успехот, поведението и редовноста на учениците по пол после секој класификационен период;<br><br>2. Подобрување на комуникацијата помеѓу учениците со цел намалување на вербалното малтретирање помеѓу соучениците; | во текот на учебната година<br><br>тековно | директор, наставници, педагог<br><br>директор, наставници, педагог |
| Подрачје 9 : Работа на професионална ориентација | | |
| Активности | Време на реализација | Соработници |
| 1. Изготвување анкета за интересите и афинитетите на учениците од IX одделение;<br><br>2. Информирање за мрежа на средни училишта, услови и критериуми;<br><br>3. Презентирање пропаганден материјал од средните училишта, организирање средби со претставници на приватни и државни средни училишта;<br><br>4. Водење евиденција и документација со анализа за избор на средни училишта;<br><br>5. Известување за опфат и упис во средно училиште до надлежни институции; | мај - јуни | Педагог, средни училишта, класни раководители, родители |
| Подрачје 10 : Соработка со родители | | |
| Активности | Време на реализација | Соработници |
| 1. Советување со родители за превземање одговорност за подобрување на постигањата на учениците и формирање просоцијално однесување кај | во текот на учебната година | директор, педагог |

| | | |
|---|---|---|
| учениците;<br><br>2. Организирање средби со родители за подобрување на етичноста во оценувањето;<br><br>3. Организирање средби за учество и создавање ненасилно однесување кај учениците;<br><br>4. Организирање работилници со родители за создавање клима на соживот;<br><br>5. Соработка со Советот на родители;<br><br>6. Анкетирање на родителите за потребите на проектите кои се реализираат во училиштето;<br><br>7. Реализација на програмата за советување на родителите; | ноември<br><br>во текот на учебната година<br><br>во текот на учебната година<br><br>во текот на учебната година<br>во текот на учебната година<br><br>во текот на учебната година | <br><br><br><br><br>членови на Советот на родители<br>родители<br><br>одделенски раководител, родители |
| Подрачје 11 : Соработка со наставници | | |
| Активности | Време на реализација | Соработници |
| 1. Поддршка на наставниците за работа со ученици со посебни образовни потреби, со потешкотии во учењето, надарени/телентирани ученици и ранлива група на ученици<br><br>2. Посета на настава и укажување за нејзино подобрување<br><br>3. Увид и анализа на годишните и тематските планирања, консултации со наставници<br><br>4. Водење на педагошки картон на наставниците<br><br>5. Поддршка на наставниците за водење на педагошка евиденција и документација<br><br>6. Учество и помош во изработка на проектни активности<br><br>7. Следење на прилагоденоста на | во текот на учебната година<br><br>во текот на учебната година<br>во текот на учебната година<br><br>во текот на учебната година<br>во текот на учебната година<br><br>во текот на учебната година<br>во текот на учебната година | наставници, педагог, , спец.едукатор и рехаб<br><br>директор, педагог<br><br>наставници, педагог<br><br>директор, педагог<br><br>директор, педагог, наставници<br><br>наставници, педагог<br><br>директор, педагог |

| | | |
|---|---|---|
| критериумите и стандардите за оценување и нивната примена | | |
| Подрачје 12 : Педагошка евиденција и документација | | |
| Активности | Време на реализација | Соработници |
| 1. Водење професионално досие за наставниците;<br><br>2. Евалуација на сопствената евиденција и документација;<br><br>3. Анализа на реализација на Годишната програма; | во текот на учебната година | директор, педагог |

| Подрачје 13: Улога на психологот во унапредување на менталното здравје на адолесцентите | | |
|---|---|---|
| Видови активности | Тип на помош | Корисници |
| 1. **Подигнување на свесноста за важноста на менталното здравје и развивањето на култура на менталното здравје во училиштето:** | | |
| 1.1 Важност и свесност за менталното здравје на адолесцентите; | Групни предавања и работилници(различни теми од интерес на учениците поврзани со менталното, социјалното и физичкото здравје, како и со ризичните однесувања на младите,нивниот животен стил) | Сите членови на училишната заедница: актив на стручни служби, наставнички колегиум, ученици, родителски одбор, училишен одбор |
| 1.2 Развивање на социо-емоционални компетенции и компетенции за психолошка резилиентност и добросостојба;<br>- подршка на учениците во развојот на социо-емоционалните вештини поврзани со нивниот животен стил и секојдневните интеракции ( работилници за | Интерактивни презентации со учество на ученици, наставници и родители, од иста или различни училишта и средини.<br><br>Работилници со различни таргет групи: ученици, наставници,родители. Предавања, интерактивни презентации, индивидуална | Како директни корисници првенствено се учениците, потоа наставниците;директно како учесници на работилници и родителите, но родителите и посредно преку работата со ученикот кој се соочува со проблемот. |

| | | |
|---|---|---|
| соработка, справување со анксиозност и стрес, активно слушање, асертивност,справување со чувства на социјална изолација,нарушена самодоверба,справување со конфликти | работа,групна работа за развој на одредена вештина или за превенција на одреден конфликт или проблем. | |
| 1.3 Развој на компетенциите за справување со кризен настан, долготрајна криза, траума, сериозен ментално здравствен проблем (СМЗП).<br><br>- ненадејна или долготрајна животна промена/загуба: развод на родителите, болест во семејството, смрт на близок член на семејството.<br><br>ниска самодоверба, чувство на неадекватност, отфрленост, осаменост,самоизолација, забележителен пад на успехот.<br><br>интензивна вознемиреност, паничен напад,самоповредување, ризик од суицид.<br><br>- чувствителни/табу теми за сексуално и репродуктивно здравје,родови прашања,семејно насилство.<br><br>**2. Развој на компетенциите на наставникот и класниот раководител, за психосоцијална помош и поддршка на учениците, и новите улоги на наставникот;** | Индивидуална, интервентна<br><br>Групна, информативна (психоедукативна), превентивна.<br><br>Индивидуална,групна – работилница,предавање за улогата на наставникот во креирање услови во класот за надминување на состојбата.<br><br>Индивидуална,групна – информативна за наставникот за навремено препознавање на состојбата.<br><br>Групна,информативна за подигнување на свеста за можните ризици и последици од игнорирање на теми клучни за здравјето на младите. | Како директни корисници на помошта може да се јават – ученик, наставник, а посредно и родителот на ученикот кој се соочува со проблем.<br><br>Членови на стручни служби,<br><br>наставници, ученици, родители. |

| | | |
|---|---|---|
| - вештини на позитивна комуникација,активно слушање,користење позитивен фидбек,покажување почит, оддавање признание,поттикнување на учество. | индивидуална работа и внимание на ученикот | класни раководители,наставници |
| - вредности и уверувања – избрани теми како благодарност,емпатија и сочувствување,соработка, солидарност,алтруизам, чесност. | групна работа за време на класен час,континуирано,со дискусии во групи,меѓу ученици | класни раководители,наставници |
| - специфични вештини на помагање на учениците во класот: справување со висока вознемиреност,страв од неуспех,блокади на мислите,панични напади. | куси упатства,вежби за дишење,опуштање, истегнувања | класни раководители,наставници |
| - помош во организација на времето за учење и одмор: мотивација,одржливост на вниманието,поставување граници,доцнење,одложување | куси упатства,со правила на структуирање на време за работа и одмор | наставници |
| - вежби за враќање на фокусот поради замор,губење интерес и активности за здрав животен стил. | куси,интервентни активности за време на час,на одмор,во училница или ходник | класни раководители,наставници |
| - грижа за себе на наставниците,активности насочени на следење и унапредување на менталното здравје на наставниците | активности за само-проценка,работилници за справување со стресот | наставници |
| - активности за ефикасно вклучување на родителите во активностите на стручните соработници и наставници | работилници,презентации | родители,наставници |
| 3. **Поддршка и развој на компетенциите за ученичко учество;** | | |

| | | |
|---|---|---|
| - обуки за можни форми и начини на вклучување на учениците во одлучување во животот на училиштето | обуки за спроведување истражувања на теми од интерес на учениците | ученици,наставници,ученички здруженија,родители |
| - обуки за модели на ученичко самоорганизирање и за процедури за нивна реализација | проценка на интересите и можностите на училишната заедница | ученици,наставници,ученички здруженија |
| - обуки на тимови за помош на ученици со разни видови потреби | куси,редовни едукативни средби, со следење и под менторство на... | групи ученици,раководени од наставник или член на стручната служба |
| - активности за родителите за унапредување на ученичкото учество | работилници,презентации | родители,ученици,наставници |

Прилог 4

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА СПЕЦИЈАЛНИОТ ЕДУКАТОР И РЕХАБИЛИТАТОР ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

Појдовни основи за изработка на Годишната програма за работа на специјалниот едукатор и рехабилитатор се:

- Законот за основно образование
- Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 година

Годишната програма за работа на специјалниот едукатор и рехабилитатор може да претрпи промена заради усогласување со препораките и насоките од страна на Одделението за образование во општина Струмица, МОН, БРО и други надлежни институции.

**Програмски подрачја за работа**

**1. Следење и унапредување на воспитно-образовната работа**

- Идентификација на учениците на кои им е потребна стручна помош , поддршка и индивидуална работа со истите;
- Учество во идентификација, следење и работа со учениците со ПОП и потешкотии во учењето;
- Следење на степенот на вклученост на учениците со ПОП во наставниот процес;
- Стручна помош на наставниците во однос на методите и средствата кои ги користат во работата со овие ученици;
- Запишување на деца во прво одделение и следење на нивниот развој;
- Создавање клима за прифаќање на ученикот со ПОП и потешкотии во учењето од страна на неговите соученици;
- Следење на опременоста на училиштето со неопходни наставни средства и помагала;

| | |
|---|---|
- Библиотеката располага со голем фонд на книги кои исто така се лесно запаливи.
- Таванската конструкција е од гипс-картон плочи.
- Во сите училници подот е од ламинат, шкафовите, најголем дел од клупите и столчињата се од дрво.
- Дел од електричната инсталација е застарена и може да биде опасност за пожар.
- Објектот е заштитен со громобранска инсталација.

*Мерки и план за заштита и спасување*

- Мерки и план за заштита од пожари

Мерки за заштита од пожари се:

- Обезбедување пристап до објектот;
- Обезбедување на соодветни средства и уреди за гаснење на пожари и поставување на истите на видни и достапни места;
- Замена на делот од старата слектрична инсталација;
- Организирање и спроведување на обука со лицата задолжени за евакуација во случај на пожар и други елементарни непогоди.
- Едуцирање на сите вработени со превентивата од пожар како и постапка во случај на пожар.

- Планот за заштита од пожари опфаќа:

- Проценка на загрозеноста од пожар со анализа на пожарните оптеретувања.
- Начин на употреба на противпожарната опрема.
- Распоред на противпожарната опрема.
- Систем за известување.
- Постапка во случај на пожар
- Потребна техничка опрема и средства за гаснење на пожар.
- Начин за снабдување со вода.
- Забрана на употреба на оган и други извори на палење во објектите и просториите каде што лесно може да дојде до пожар.
- Евакуација и спасување на луѓето и имотот ( со локација за соборни места).
- Други мерки потребни за успешно функционирање и унапредување на заштита од пожар и споведување надзор над извршување на мерките за заштита од пожар.

*Посебни мерки за заштита од пожар*

Во училиштето треба да се превземат сите мерки со кои ќе се овозможи опасноста од пожари да биде отстранета односно сведена на најмала мера.

Лесно запаливите материјали да се држат и складираат во простории кои се за тое предвидени и се во склад со техничките и други прописи. Вработените лица се должни да ги чуваат во приправност сите уреди, опремата и алатот за гаснење на пожар на места кои се лесно пристапни.

Употребата на отворен оган се забранува во близина каде што се сместени кабли или на местата каде се сместени лесно запаливи течности и експлозивни материјали. Во случај на заварување и работа со алат кој искри да се превземат посебни мерки предвидени со упатство за работа при заварување.

Да се држат во исправност уредите, алатот и опремата за гаснење на пожар, на места кои се определени за чување на тие уреди и на места кои се лесно пристапни. Противпожарната опрема и апаратите мора да се чуваат во исправна состојба. Проверувањето и исправноста на противпожарните апарати се врши според упатствата на производителот, а утврдените недостатоци мора веднаш да се отстранат со замена на дотраените или неисправните делови или со комплетна замена на апаратот.

Противпожарните апарати мора да бидат обезбедени со контролни картони во кои се запишуваат следните податоци:

- Врста и тип на апаратот
- Фабрички број
- Дата кога е извршена контролата
- Потпис на лицето кое ја извршило контролата
- Печат

Неисправните апарати не смеат да се држат на места наменети за евентуална употреба или покрај исправни противпожарни апарати. Неисправните апарати веднаш по утврдувањето на наисправноста да бидат отстранети од местата каде што се поставени за евентуална употреба.

Противпожарните апарати се користат само за гасење на пожар, обука и отстранување на последици од елементарна непогода.

Приодните патишта до магацините и работните простории каде е сместена опремата мора да бидат слободни од предмети кои би кможеле да го отежнат превземањето на мерки за гасење на пожар или евакуација и спасување на лица и имот. Уредите и апаратите кои се користат за затоплување или друга намена (печки, шпорети, електрични греалки, решоа и друго) мора да бидат поставени на подлога од материјал отпорен на топло. Околу горе наведените уреди и апарати не смеат да се остават лесно запаливи и експлозивни материјали.

По завршувањето на работното време електричните и другите уреди кои можат да предизвикаат пожар задолжително да се исклучат.

*Организација на заштита од пожар со листа на вработени по катови*

Организацијата за заштита од пожари е уредена на начин да во училиштето е формирано одделение со вкупно 3 вработени и тоа:

1. Блажо Јанев
2. Ристо Атанасов
3. Жарко Спасов

Секој вработен кога ќе забележи пожар должен е да пристапи кон гаснење на истиот со сите расположиви средства. Ако вработениот не може да го изгасне пожарот должен е веднаш да го извести одговорното лице или одговорната служба.

Одговорното лице во училиштето презема мерки за гасење и локализирање на настанатиот пожар, ја известува територијалната противпожарна еденица во случај на пожар со поголеми размери кога сопствените сили не се доволни за гасење и локализирање на пожарот презема мерки за евакуација на луѓето и имотот, се ангажира за отстранување на препреките кои можат да го попречат доаѓањето на ПП

единицата ( ги отвара влезните врати, го отстранува материјалот кои се наоѓа до местото на пожарот). Организира упатување на ПП единицата до местото на пожарот, ги дава првите информации на раководителот на ПП единицата.

*Начин на употреба на противпожарната опрема*

Противпожарната опрема се употребува исклучиво според упатството дадено од производителот на опремата и истата се употребува исклучиво за гасење на пожари и тоа самоиницијативно од лицето кое го забележало пожарот или при обука на вработените.

Училиштето поседува 2 ПП апарати и се сместени во училишниот ходник.

*Систем за известување*

Системот за известување за појава на пожар е по пат на телефонска врска, училиштето располага со еден телефонски апарат во канцеларијата на директорот.

*Постапка во случај на пожар*

Во случај на пожар постапката е следната:

1. Без паника да се пристапи кон гасење на пожарот
2. Да се извести одговорното лице и противпожарната единица
3. Да се пристапи кон евакуација на загрозените лица и имот
4. Да се исклучи доводот на електрична енергија и затвори и исклучи доводот на лесно запаливи материи
5. Да се отстранат сите лесно запаливи и експлозивни материи
6. Да се затворат сите отвори и врати заради спречување на ширење на пожарот
7. Употреби соодветен апарат за соодветен пожар
8. Да се утотребат сите ПП средства, апарати и опрема која е во близина
9. Работниците кои не се директно вклучени во гасењето на пожарот веднаш да го напуштата објектот и да се оддалечат на сигурна далечина
10. Да се пристапи кон евакуација и изнесување на луѓе и материјални добра од соседните простории и објекти
11. Секој вработен е должен без приговор да ги извршува задачите кое раководи со гасење на пожарот

*Потребна техничка опрема и средства за гасење на пожар*

Изборот на видовите и на количината на апаратите за гасење пожар во објектот се врши согласно видовите на пожарот кој може да настане на определено пожарно оптеретување на објектот и неговата површина.

*Начин за снабдување со вода*

Училиштето се снабдува со вода од градската водоводна мрежа со потребниот доток и притисок.

*Пристапни патишта, премини и приоди до објектите*

До објектот најпристапен е патот кој минува покрај училиштето и најлесно се влегува преку училишната порта.

*Забрана на употреба на оган и други извори во објектите и просториите каде што лесно може да дојде до пожар*

Во сите простории, па и во нивна непосредна близина, на видни места се поставуваат знаци за забрана на пушење, како и знаци за забрана на употреба на оган.

За надзор над извршувањето на планот за заштита и спасување се одредува лицето Жарко Спасов- професор по ликовно образование.

Прилог 17

# ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

| Вид на екскурзија | Одд. | Локација | Времетраење | Реализација | Реализатори |
|---|---|---|---|---|---|
| Воспитно-образовна | III | Скопје | Еден ден | мај | Одделенски раководители |
| Настава во природа | V | Струга | Повеќе денови | мај | Одделенски раководители |
| Посета на саем на книга | III-IX | Скопје | Еден ден | април, | Одделенски раководители библиотекар |
| Посета на детски фестивал “Златно славејче” | I-IX | Скопје | Еден ден | ноември | Одделенски раководители |
| Воспитно-образовна | VI | Крушево, Скопје | Два дена | мај | Одделенски раководители |
| Воспитно-образовна | IX | Низ Македонија | Три дена | октомври | Одделенски раководители |
| Воспитно-рекреативна | I-IX | Во блиската околина | Еден ден | септември | Одделенски раководители |
| Воспитно-рекреативна | I-IX | Во блиската околина | Еден ден | април | Одделенски раководители |

Прилог 18

# ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА УЧЕНИЧКИ НАТПРЕВАРИ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

| **Вид на натпреварот** | **Предмет** | **Учесници** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| Меѓуодделенски натпревари | ФЗО | Учениците од V- IX одделение | Во текот на учебната година |
| Општински натпревари | Македонски јазик, математика, биологија, природни науки, ФЗО, географија, физика, хемија, техничко образование, историја, музичко образование | Учениците од V- IX одделение | Во текот на учебната година |
| Регионални натпревари | Македонски јазик, математика, биологија, природни науки, ФЗО, географија, физика, хемија, техничко образование, историја, музичко образование | Учениците од V- IX одделение | март-јуни |
| Државни натпревари | Во зависност од освоените места | | мај-јуни |
| Меѓународен натпревар | КЕНГУР | Учениците од III-IX одделение | март |

Прилог 19

# ПРОГРАМА ЗА ДОДАТНА НАСТАВА ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

| **Активности** | **Цел на активноста** | **Реализатори** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| 1.Изработка на план и програма за реализација на додатна настава | Реализација на додатната настава | Наставен кадар | Септември |
| 2.Изготвување на распоред за реализација на додатна настава на ниво на училиште | Обезбедување услови за реализација на додатна настава | Директор, педагог, психолог, наставен кадар | Септември |
| 3.Примена на инструменти за идентификација на ученици | Идентификација на учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети | Наставен кадар, психолог, педагог | Прво тромесечје |
| 4.Редовна соработка со учениците, родителите, одделенските раководители | Развивање на интелектуални и творечките способности на учениците | Наставен кадар, одделенски раководители, директор, педагог, психолог | Во текот на целата учебна година |

Прилог 20

# ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

| **Активности** | **Цел на активноста** | **Реализатори** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| 1.Изработка на план и програма за реализација на дополнителна настава | Реализација на дополнителна настава | Наставен кадар | Септември |
| 2.Изготвување на распоред за реализација на дополнителна настава на ниво на училиште | Обезбедување услови за реализација на дополнителна настава | Директор, педагог, психолог, наставен кадар | Септември |
| 3.Примена на инструменти за идентификација на ученици | Идентификација на учениците кои имаат потешкотии во учењето | Наставен кадар, педагог, психолог | Прво тримесечје |
| 4.Редовна соработка со учениците, родителите,одделенските раководители | Подобрување на успехот на учениците | Наставен кадар, одделенски раководители, директор, педагог, психолог | Во текот на целата учебна година |

Прилог 21

**ПРОГРАМА ЗА ОПШТЕСТВЕНО ХУМАНИТАРНА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА**

| Значајни дати и празници | Активности | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 8-ми Септември-Ден на независност на РСМ | Читање реферат по повод денот на независноста на РСМ | Историска секција | септември |
| Детска недела | Програма за прием на децата во Детската организација | Ученици од одделенска настава, наставници | октомври |
| 11 Октомври-Ден на востанието на македонскиот народ и ден на борецот | Читање реферат | Историска секција | октомври |
| 23-ти Октомври-Денот на македонската револуционерна борба | Читање реферат | Историска секција | октомври |
| По повод Нова Година | Новогодишен базар | Ученици од I-IX | декември |
| 8-ми Март-Денот на жената | Приредба, реферат, ликовна изложба | Ученици од I-IX одд. | март |
| Ден на пролетта, ден на екологијата | Еколошки акции, читање на творби, ликовна изложба, засадување на дрвца | Ученици од I-IX одд. | март |
| 1-ви Мај Ден на трудот | Читање реферат за значењето на 1-ви Мај | Историска секција | април |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Хуманитарни акции | СобиСобирање на храна, облека и парични средства | Ученици, вработени | Во текот на учебната година |

Прилог 22

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНСКА ЗАЕДНИЦА ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

| **Активности** | **Реализатори** | **Време на реализација** |
|---|---|---|
| -Избор на членови на ученичката заедница на ниво на паралелка | Одд.раководители, ученици | септември |
| -Активности за постигнување на подобар успех во наставата | Ученици, наставници | Во текот на учебната година |
| -Грижа за одржување на редот и дисциплината во паралелката и училиштето | Ученици, наставници | Во текот на учебната година |
| -Грижа за одржување на личната хигиена | Ученици | Во текот на учебната година |
| -Давање помош на учениците кои имаат потешкотии со учењето | Одд.раководители, ученици | Во текот на учебната година |
| -Активности за уредување на естетскиот изглед на училницата, училиштето и училишниот двор | Ученици, наставници | Во текот на учебната година |
| -Грижа за чување на училишниот инвентар | Ученици | Во текот на учебната година |
| - Грижа за чување на учебниците | Ученици | Во текот на учебната година |
| -Реализација на дежурството на учениците | Ученици | Во текот на учебната година |
| -Вклучување на учениците во заштитата на животната средина и уредувањето на училишните простории и дворот | Ученици, наставници | Во текот на учебната година |

Прилог 23

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНАТА ЗАЕДНИЦА ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

| **Активности** | **Реализатори** | **Време на реализација** |
|---|---|---|
| -Формирање на училишна заедница | Психолог, педагог, ученици од предметна настава | септември |
| -Разгледување на: Куќниот ред на училиштето, Правилникот за изрекување на педагошки мерки за учениците, Правилник за видовите на пофалби и награди | Психолог, педагог, училишна заедница | септември |
| -Активности за подобрување на редовноста на учениците | Психолог, педагог, училишна заедница | во тек на учебна година |
| -Активности за подобрување на дисциплината на часовите | Психолог, педагог, училишна заедница | во тек на учебна година |
| -Активности за подобрување на успехот на учениците | Психолог, педагог, училишна заедница | во тек на учебна година |
| -Разгледување на успехот, дисциплината и поведението на учениците на крајот на секој квалификационен период | Психолог, педагог, училишна заедница | во тек на учебна година |
| -Вклучување на учениците во заштитата на животната средина и уредувањето на училишните простории и дворот | Психолог, педагог, училишна заедница | во тек на учебна година |
| -“Подобро е да...”- активност во рамките на ПМИО | Психолог, педагог, училишна заедница | февруари |

Прилог 24

# ПРОГРАМА ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА СРЕДИНА И ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

| Активности | Институции | Учесници | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Учество на ликовни и литературни конкурси, натпревари, изложби, посети | -од областа на културата ( ЛУ Библиотека “Благој Јанков Мучето”, НУЦК “Антон Панов”, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј- Струмица) | Институции, наставен кадар, ученици | Во текот на учебната година |
| Советодавно-консултативна работа | -од областа на образованието (МОН, БРО, ДПИ, Одделение за образование- о.Струмица, овластен општински просветен инспектор, основни и средни училишта) | Институции, директор, стручни соработници, наставен кадар | Во текот на учебната година |
| Учество во реализација на проекти | Невладини организации (Дом за деца и млади “Благој Јанков-Мучето”, Организација на жени, Хуманост, Младински совет, ОО Црвен крст, ЕД Планетум, Центар на заедницата) | Невладини организации, наставен кадар, стручни соработници, ученици | Во текот на учебната година |
| Едукативни предавања | Здравствени организации (ЈЗУ Струмица, Фонд за здравство), Центар за социјални грижи, Осигурителни компании, Отсек за превенција при СВР-Струмица | Институции, директор, стручни соработници, наставен кадар, ученици | Во текот на учебната година |
| Промоција на училишни активности | Медиуми (Струмица нет, Јул медија, Струмица денес, Општина Струмица; преку пишаниот медиум “Сé за Струмица” и преку телевизиските медиуми: ТВ Вис и др.) | Медиуми, директор | Во текот на учебната година |

Прилог 25

## ПРОГРАМА ЗА ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

| **Подрачја** | **Активности** | **Реализатори** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| Хигиена во училиштето | -Редовно чистење на сите училишни простории и инвентарот<br>-Дезинфекција,дезинсекција и дератизација на училиштето | Хигиеничари и стручни лица | Во текот на учебната година |
| Превентивни и едукативни предавања | - предавања за: превенција за заштита од грип, спречување на штетните ефекти од надворешните високи температури, вошливост, пубертет | Стручни лица и стручни соработници | Во текот на учебната година |
| Систематски прегледи | -спроведување на систематски прегледи и стоматолошки прегледи | ЈЗУ Струмица | Во текот на учебната година |
| Вакцинирање | - вакцинирање на учениците | ЈЗУ Струмица | Во текот на учебната година |

Прилог 26

# ПРОГРАМА ЗА ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ НА УЧИЛИШТЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

| Значајни дати и празници | Активности | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 11 Октомври-Ден на востанието на македонскиот народ и ден на борецот | Учество на “Ноќни трки” во Струмица | Спортска секција | октомври |
| По повод Месецот на книгата | Учество на општински натпревар “Млади библиотекари”, читање реферат за книгата, изработка на ѕиден весник | Литературна секција, библиотекарска секција | октомври-ноември |
| По повод Нова Година | Новогодишен базар | Ученици од I-IX одделение | декември |
| Струмички карневал | Подготовки за учество на Струмичкиот карневал | Ученици од VI-IX одделение, вработени | февруари/март |
| Ден на пролетта, ден на екологијата | Еколошки акции, читање на творби, ликовна изложа, засадување на дрвца | Ученици од I-IX одделение | март |
| Патрон празникот на училиштето-24 Мај | Свечена академија, спортски натпревари, ликовна изложба | Ученици од I-IX одделение, вработени | мај |

Прилог 27

# ПРОГРАМА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОЛОШКАТА ЕДУКАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

***Поврзување на еколошката програма со редовната настава***

## I. ТЕМА: ВОДА

| **Ред. бр.** | **Еколошка содржина** | **Предмет** | **Одд.** | **Наставна содржина** | **Број на часови** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Истакнување упатства за рационално користење на водата | Општество | V | Правила на однесување во средината и исполнување на должностите | 1 | октомври |
| 2. | Извори на вода и нивна искористеност | Природа | IV | Води на површината на земјата-истражување | 1 | декември |
| 3. | Загадување на водата | Англиски јазик | V | Вежби-употреба на модалниот глагол must/mustn’t за искажување наредба или забрана | 1 | април/мај |
| 4. | Рационално користење на водата | Македонски јазик | III | Писмено изразување-Пишување реченици за рационално користење на водата | 1 | декември |
| 5. | Обезбедување на техничка вода | Биологија | VII | Клетки и организам<br>Истражување на осетливоста на растенијата на гравитација и допир ИКТ | 1 | октомври |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Изработка на упатства за рационално користење на водата | Англиски јазик | III | Активности за зборување | 1 | декември |
| 7. | Рационално користење на водата во училишната зграда и двор | Историја | VIII | Подем на Европската демократија | 1 | октомври |
| 8. | Дистрибуција на водата | Ликовно образ. | IX | Замислен живот под вода | 1 | ноември |
| 9. | Водата и одржливиот развој | Македонски јазик | VIII | Прераскажување, анализа на домашната работа – изразување и творење | 1 | октомври |
| 10. | Заштеда на вода | Историја | VIII | Цивилизација | 1 | ноември |
| 11. | Рационално користење на водата во училишната зграда и двор | Историја | IX | НОБ во Македонија 1942-1944 година | 1 | февруари |
| 12. | Рационално користење на водата во училишната зграда и двор | Граѓанско образование | IX | Мас-медиумите како извор на информации | 1 | мај |
| 13. | Рационално користење на водата во училишната зграда и двор | Граѓанско образование | VIII | Зошто се важни човековите права | 1 | ноември |
| 14. | Рационално користење на водата во училишната зграда и двор | Историја | VII | Населување на Словените во Македонија | 1 | ноември |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 15. | Заштита на подземните води и извори од загадување | Географија | VII | Подземни води и извори | 1 | ноември |
| 16. | Одржување на најчистите еколошки води од Амазонија | Географија | IX | Географија на Бразил и Аргентина | 1 | април |
| 17. | Еколошка заштита на загадување на реките и езерата во Европа | Географија | VIII | Реки и езера и нивното значење | 1 | септември |
| 18. | Изработка на план за рационално користење на водата | Физика | IX | Притисок кај течностите | 1 | октомври |
| 19. | Рационално користење на водата | Образование за животни вештини | II | Мојата хигиена – моја одговорност | 1 | септември |

**II. ТЕМА: ЕНЕРГИЈА**

| **Ред. Бр.** | **Еколошка содржина** | **Предмет** | **Одд.** | **Наставна содржина** | **Број на часови** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Поставување на упатства за рационално користење на електрична и топлинска енергија | Физика | VIII | Создавање на електрична енергија | 1 | јануари<br>февруари |
| 2. | Поставување на термоизолациона фасада | Физика | IX | Намалување на топлинската загуба | 1 | ноември |
| 3. | Изработка на упатства за рационално користење на енергијата | Информатика | VI | Помошна програма за уредување на текст едитор. ( Notepad ) | 1 | ноември |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Рационално користење на енергијата | ТО | VII | Конструктивно творештво | 1 | март |
| 5. | Изработка на упатства за рационално користење на енергијата | Природа | IV | Објектите кои се движат имаат енергија | 1 | ноември |
| 6. | Подигање на свеста на пошироката заедница (домот, локалната заедница и сл.) | Македонски јазик | VII | Разговорот како вид комуникација-изразување | 1 | ноември |
| 7. | Дистрибуција на енергијата | Природни науки и техника<br><br>ФЗО | VI<br><br>VIII | Добивање енергија во различни облици и нејзината употреба<br><br>Елементарни и штафетни игри | 1<br>1 | мај-јуни<br><br>јуни |
| 8. | Рационално користење и планирање на изворите за греење | Македонски јазик | III | Рационално користење и планирање на изворите за греење | 1 | март |
| 9. | Одговорна и рационална потрошувачка | Математика | VIII | Претставување на податоци со дијаграми | 1 | декември |
| 10. | Соларната енергија како најеколошки извор на енергија за потребите на човекот | Географија | VI | Сонцето како наша најблиска планета | 1 | септември |

**III. ТЕМА: ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА И ЗДРАВА СРЕДИНА ВО УЧИЛИШТЕТО**

| **Ред. бр.** | **Еколошка содржина** | **Предмет** | **Одд.** | **Наставна содржина** | **Број на часови** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Важноста на хигиената во зградата | Македонски јазик | I | Текст ,,Јас сум дежурен,, | 1 | октомври |
| 2. | Еколошки средства за одржување на хигиена | Природни науки | IV | Животна средина- Екологијата е наука за планетата земја | 1 | мај |
| 3 | Неупотребливи предмети | Англиски јазик | VIII | Читање и пишување- Писмо за кампања за чиста средина | 1 | март |
| 4. | Подигање на свеста на пошироката заедница за хигиената и здрава средина | Македонски јазик | V | Изразување и творење-Писмено изразување на тема ,, Здрава средина,, | 1 | ноември |
| 5. | Влијанието на хигиената врз здравјето | Македонски јазик | I | Пораки,совети ,слики ,, На пазар,, | 1 | ноември |
| 6. | Влијанието на човекот врз средината | Македонски јазик | VI | Немаме резервна планета ( извадоци) | 1 | март |
| 7. | Влијанието на хигиената врз здравјето | Информатика | VII | Изработка на проект ( личен доход на вработени во фабрика ) во програмата Microsoft Excel | 1 | јуни |
| 8. | Уредување на еколошки паркови во градските и селските населби | Географија | VII | Градски и селски населби | 1 | февруари |
| 9. | Еко – заштита на почвите | Географија | VI | Видови почви | 1 | февруари |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10. | Бојадисување на ѕидовите со еко бои или бои наречени ИОС ( испарливи органски соединенија ) | Физика | VIII | Изведените бои на светлината | 1 | април |
| 11. | Важноста на хигиената во зградата | Македонски јазик | II | Мојата училница и правила на однесување во училницата | 1 | септември |

**IV. ТЕМА: УРЕДЕН ДВОР**

| **Ред. Бр.** | **Еколошка содржина** | **Предмет** | **Одд.** | **Наставна содржина** | **Број на часови** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Важноста на дворот | Македонски јазик | I | Разгледување и впечатоци од школскиот,спостениот двор | 1 | март |
| 2. | Анализа на функционалноста на дворот | Ликовно образ. | VIII | Перспектива-поставување на патеки и патокази | 1 | април |
| 3. | Садење и грижа за цвеќињата | Македонски јаз. | III | Интерпретација на песната ,,Ливадата во пролетта,, | 1 | април |
| 4. | Уреден и функционален училишен двор кој е во согласност на заштита на животната средина | Граѓанско образ. | IX | Граѓански здруженија | 1 | ноември |
| 5. | Хортикултурално уредување | ТО | VI | Архитектура и градежништво | 1 | март |
| | Хортикултурно уредување | Музичко | VII | -Денес насадив дрво –Обработка | 1 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. | | | | по слух | | март |
| 7. | Компост и компостирање | Ликовно образовани е | VII | Ентериер- замислен убав училишен двор | 1 | октомври |
| 8. | Уреден и функционален училишен двор кој е во согласност на заштита на животната средина | Историја | VII | Животот и културата во средниот век до крајот на 18 век | 1 | февруари |
| 9. | Уреден и функционален училишен двор кој е во согласност на заштита на животната средина | Граѓанско образовани е | VIII | Одговорности во домот | 1 | февруари |
| 10. | Уреден и функционален училишен двор кој е во согласност на заштита на животната средина | Историја | VIII | Развој на граѓанството во Балканските земји | 1 | ноември |
| 11. | Уреден и функционален училишен двор кој е во согласност на заштита на животната средина | Историја | IX | Образование ,наука и култура | 1 | април |
| 12. | Уреден и функционален училишен двор кој е во согласност на заштита на животната средина | Историја | VIII | Тотемизам | 1 | јануари |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 13. | Поставување и означување на корпи за органско ѓубре за хартија и пластика | Хемија | VIII | Пластични материјали и синтетички влакна | 1 | март |

**V. ТЕМА: ОТПАД**

| Ред. бр. | Еколошка содржина | Предмет | Одд. | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Видови отпад | Француски јазик | VIII | Лексика-заштита на ноколината | 1 | септември |
| 2. | Анализа на отпадот во училиштето | Математика | VII | Работа со податоци | 1 | декември |
| 3. | Селекција на отпад | Ликовно образование<br>Информатика | I<br>VII | Цртање: Како треба да се селектира отпад<br>Изработка на проект( креирање портфолио на ученик) во програмата Microsoft Word | 1<br>1 | април<br>мај |
| 4. | Рециклирање<br>Видови отпад | Информатика<br>Општество | VI<br>V | -Хардерски уреди кај компјутер<br>-Глобализацијата како светски проблем | 1<br>1 | октомври<br>мај |
| 5. | Влијанието на отпадот врз здравјето и средината | Етика | VII | Денешна етика | 1 | март |
| 6. | Подигање на свеста на пошироката заедница за управување со отпад | Македонски јазик | IX | Филм Анѓели на отпад | 1 | мај |
| 7. | Изработка на упатства за управување со отпад | Англиски јазик | VII | Обврски и забрани-Нашиот свет | 1 | мај |

**VI. ТЕМА: БИОДИВЕРЗИТЕТ**

| Ред. бр. | Еколошка содржина | Предмет | Одд. | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Локален и национален биодиверзитет | Музичко образование | VII | Лабина и Дојрана | 1 | март |
| 2. | Еколошки акции | Француски јазик | VIII | Граматика идно време | 1 | март |
| 3. | Составување на упатства за одржување на здрава средина во училиштето | ОЖВ | III | Јас и околината<br>Градење позитивен однос кон растенијата и животните | 1 | март |
| 4. | Подигање на свеста на пошироката заедница за локалниот биодиверзитет | Музичко образование | VI | Ајде Милке да бегаме-Обработка по слух | 1 | април |
| 5. | Влијанието на отпадот врз биодиверзитетот | Природни науки | VI | Намали,повторно употреби,рециклирај ИКТ | 1 | февруари |
| 6. | Еколошки акции | Општество | V | Еко-акција- 22мај светски ден на биодиверзитетот | 1 | мај |

**VII. ТЕМА: ТРАНСПОРТ**

| Ред. бр. | Еколошка содржина | Предмет | Одд | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Видови транспорт | Англиски јазик | VII | Методи на транспорт(вокабулар) | 1 | септември |
| | Подигање на свеста на | Македонски јазик | IV | Самостојно творење по даден | 1 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. | пошироката заедница за користење на јавен превоз и велосипед | ФЗО | IX | наслов , Користење јавен превоз,,<br><br>Полигон | 1 | март<br><br>декември |
| 3. | Транспортот и безбедноста | Информатика | VI | Веб , терминологија ( сајт , страница , адреса ) | 1 | февруари |

**VIII. ТЕМА:ЗДРАВЈЕ**

| Ред. бр. | Еколошка содржина | Предмет | Одд | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Органска храна | Ликовно образ. | VI | Мртва природа-зеленчук | 1 | мај |
| 2. | Пирамида на исхрана | Англиски јазик | III | Вежби-Употреба на именки во еднина и во множина | 1 | март/април |
| 3. | Влијанието на физичката активност врз здравјето | ФЗО | VII | Комплекс вежби за правилен развој на телото | 1 | септември |
| 4. | Подигање на свеста на пошироката заедница за користење здрава храна | Историја | VI | Македонија во стариот век | 1 | март |
| 5. | Изработка на упатства за користење на | Француски јазик | VII<br><br>VI | Лексика – средства за транспорт<br><br>Секојдневен живот- | 1<br><br>1 | март<br><br>декември |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | здрава храна | Англиски јазик<br><br>Англиски јазик | V | храна,пијалоци и оброци<br><br>Истражување здрави навики и зачувување на природата | 1 | февруари-март |
| 6. | Еколошкото влијание на чистиот воздух на Алпите врз целата регија на Средна Европа | Географија | VIII | Алпите и нивното значење за земјите од Средна Европа | 1 | февруари |
| 7 | Изработка на упатства за здрава исхрана | хемија | VIII | Наоѓање, значење и поделба на витамините | 1 | јуни |

**IX ТЕМА: ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ**

| **Ред. бр.** | **Еколошка содржина** | **Предмет** | **Одд** | **Наставна содржина** | **Број на часови** | **Време на реализациј а** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Дефиниција и значење на одржливиот развој | Француски јазик | VII | Лексика – пејзажите и природата | 1 | мај |
| 2. | Важност од зачувување на природните живеалишта | Музичко образовани е | IX | Зајко многу знајко- Обработка по слух | 1 | септември |
| 3. | Локална, национална и глобална нееднаквост | Етика | VII | Праведноста е сила на еднаквите | 1 | февруари |
| 4. | Социјална правда | Етика | VII | Семејството е срце на татковината | 1 | мај |
| 5. | Намалување на пустинските предели со | Географија | IX | Карактеристичн и подрачја во Северна | 1 | октомври |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | еколошки програми | | | Африка | | |

Прилог 28

# ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025

| **Компетенции** | **Тема/ Наслов/ Носител** | **Активности и форми за професионален развој** | **Очекувани исходи** | **Вид на професионален развој** | **Потребни ресурси** | **Улога на учесниците** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.1.3.Применување инклузивни стратегии за учење и поучување | Запознавање со начините за учење и поучување | Индивидуален: проучување стручни извори, Колаборативен: стручен актив | Применети стратегии за учење и поучување | Интерен, во училиштето, работилница | Прирачници, стручна литература | Учесник/ реализатор | септември-мај |
| 5.1.1.Вклучување на семејствата во планирање активности на паралелката и училиштето | Запознавање со можните начини на соработка со семејствата | Колаборативен: стручен актив, консултации со стручна служба | Развивање на соработката со семејствата | Интерен, во училиштето | Компетенции | Учесник/ реализатор | септември-мај |
| 2.4.3.Индивидуализација и диференцијација во поучувањето базирана врз познавањето на потребите на учениците | Запознавање со индивидуалните карактеристики и потреби на учениците | Индивидуален: проучување стручни извори, Колаборативен: стручен актив, консултации со стручна служба | Планирање и реализација на настава врз основа на индивидуалните разлики меѓу учениците | Интерен, во училиштето, работилница | Прирачници, стручна литература | Учесник/ реализатор | септември-мај |

Прилог 29

# ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ И УЧЕНИЦИТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025

| Активности | Цел | Очекувани резултати | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **Работилница на тема "Посебни потреби"** | Запознавање на учениците со потешкотиите со кои се соочуваат лицата со посебни потреби и начините на кои што тие можат да им помогнат | Учениците да се стекнат со познавања за предизвиците со кои се соочуваат овие лица | Стручни соработници | Во текот на учебната година |
| **Работилница на тема "Зголемување на мотивацијата за учење и постигнување "** | Учениците да го намалат својот страв од неуспех, да се поттикнат да тежнеат кон успех | Зголемување на мотивацијата за постигнување на учениците | Стручни соработници | Во текот на учебната година |

Прилог 30

# ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025

| **АКТИВНОСТИ** | **ЦЕЛИ** | **РЕАЛИЗАТОРИ** | **ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА** | **ПРЕГЛЕД** |
|---|---|---|---|---|
| **Анкетирање на учениците од деветто одделение** | Добивање повратна информација за изборот на средно училиште | Психолог, педагог | декември | Анализа на анкетни листови |
| **Задавање на тестови за професионални интереси и на тест за способности** | Самопроцена на способностите и утврдување на сопствените афинитети | Психолог | Во текот на учебната година | Анализа на тестови |
| **Работилница на тема “Самоспознавање-автопортрет”** | Давање помош и поддршка во креирањето на професионалниот развој на учениците | Психолог, педагог | октомври -ноември, | Извештај од реализирана работилница |
| **Презентација на струките и критериумите за упис во средните училишта** | Запознавање со програмата и условите за учење во средните училишта | Претставници од средните училишта | мај | Извештај од реализирана посета |

Прилог 31

# ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025

## Превенција на насилството во училиштето

| *Активности* | *Цел* | *Реализатори* | *Време на реализација* |
|---|---|---|---|
| **Работилница на тема: “Насилство меѓу младите и решавање конфликти-врсничко насилство“** | Запознавање со ненасилните начини на решавање конфликти,развивање меѓусебна соработка и поттикнување на толеранцијата кон другите | Стручна служба на училиштето, СВР Струмица | Во текот на учебната година |
| **Работилница на тема: “Справување и превенција од насилството во училиштето“** | Поттикнување на толеранција, почитување на разликите и различните мислења, ненасилството и ненасилната комуникација | Стручна служба на училиштето, одделенски раководители | Во текот на учебната година |

## Превенција од болести на зависност

| *Активности* | *Цел* | *Реализатори* | *Време на реализација* |
|---|---|---|---|
| **Работилница на тема “Превенција од злоупотреба на дрога, алкохол и никотин ”** | Запознавање на учениците со штетните ефекти од дрогата, алкохолот и никотинот врз здравјето на човекот | Стручна служба на училиштето, СВР Струмица | април |

## Превенција од употреба на пиротехнички средства

| *Активности* | *Цел* | *Реализатори* | *Време на реализација* |
|---|---|---|---|
| **Работилница на тема “Последици од употреба на петарди и други пиротехнички средства ”** | Запознавање на учениците со последици од употреба на петардите и другите пиротехнички средства | Стручна служба, СВР Струмица | декември |

## Превенција од трговија со деца

| *Активности* | *Цел* | *Реализатори* | *Време на реализација* |
|---|---|---|---|
| **Работилница на тема “Не дозволувај да те излажат и искористат. Информирај се себеси и другите ”** | Запознавање на учениците со начините за препознавање на опасноста, реагирање и одбегнување | Стручна служба, ОО Црвен Крст - Струмица | октомври/ ноември |

**Превенција од сексуално преносливи болести**

| *Активности* | *Цел* | *Реализатори* | *Време на реализа ција* |
|---|---|---|---|
| **Работилница на тема “Сексуално преносливи инфекции”** | Учениците да ги согледаат причините за потребата од грижа за сопственото здравје и живот | Стручна служба на училиштето, наставник по биологија | декември |

Прилог 32

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО РАНЛИВА ГРУПА УЧЕНИЦИ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025

| ***Активности*** | ***Цел*** | ***Реализатори*** | ***Време на реализација*** |
|---|---|---|---|
| Примена на инструменти за идентификација на ученици кои имаат потешкотии во учењето | Идентификација на ученици кои имаат потешкотии во учењето | Психолог, педагог, спец.едукатор и рехабилитатор, родители, наставен кадар | Септември-октомври |
| Примена на инструменти за идентификација на ученици со проблеми во однесувањето и остварувањето на социјални врски | Идентификација на учениците со проблеми во однесувањето и остварувањето на социјални врски | Психолог, педагог, спец.едукатор и рехабилитатор, родители, наставен кадар | Септември-октомври |
| Примена на инструменти за идентификација на ученици со ниска самодоверба | Идентификација на учениците со ниска самодоверба | Психолог, родители, наставен кадар | Септември-октомври |
| Примена на инструменти за идентификација на ученици со емоционални проблеми | Идентификација на ученици со емоционални проблеми | Психолог, родители, наставен кадар | Септември-октомври |
| Индивидуални разговори со учениците | Надминување на проблемот на учениците | Психолог, педагог, спец.едукатор и рехабилитатор | Во текот на учебна год |
| Работилници со учениците | | Психолог, педагог | Во текот на учебна год |
| Разговори со родителите на учениците | | Психолог, педагог, спец.едукатор и рехабили | Во текот на учебна год |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | татор | |
| Работилница со родители на тема „Поттикнување на емоционален и социјален развој на учениците“ | | Психолог, педагог | Септември/ Октомври |

Прилог 33

# ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИ

## Општи одредби

Овој Кодекс содржи збир на правила,односно етички норми и начела кои сите наставници и вработени во училиштето се обврзуваат да го практикуваат во работата и начинот на меѓусебниот соживот со колегите,учениците и родителите.
Целта на кодексот е унапредување на етичкото однесување и вредностите значајни за нашето училиште како воспитно-образовна програма.
Кодексот целосно е посветен на промоција и практиката како начин за унапредување на етичкото однесување и целокупната работа на училиштето со висок степен на професионалност и морална одговорност.

**Член 1**
**I.Наставникот и неговата професија**

Определувајќи се за професијата просветен работник,наставникот треба да има јасна слика за својата положба и улога во училиштето како и во општеството ,да ги знае своите права и одговорности ,да биде флексибилен и да го користи своето професионално знаење и умеење.

**Член 1-а**

(1)Наставникот постапува според суштината на наставничката етика праведно,хумано, објективно, непристрасно, разумно, коректно со взаемен поттик и помош а училиштето треба да обезбеди еднакви и праведни услови за извршување на работните обврски, искажување на интелектуалните способности и напредок.
(2)Наставникот треба да биде слободен ,совесен, одговорен во својата работа и безпрекорно етички ги реализира своите задачи и цели во атмосфера на дијалог и толеранција.

**Член 1-б**

Наставникот се обврзува да **:**
*успешно да ги реализира задачите на воспитно-образовната дејност,без разни идејно политички,националистички,верски и други предрасуди како и да поседува современо етички општокултурна изграденост и адекватана стручна и профеионална подготвеност;
*да ја почитува личноста на своите ученици,нивните родители и своите колеги;
*да го чува своето достоинство и дигнитет во комуникацијата со ученикот,родителот и сите вработени во и вон училиштето;

*да го унапредува своето знаење и подигањето на својата општа култура,да ги следи научните и стручни достигнување а во воспитно-образовната работа со младите да применува современи форми,методи и постапки ;
*да се грижи за просторот,имотот и опремата на воспитно образовна институција и да има одговорен однос спрема средствата и условите во кои ја реализира својата дејност;
*ги почитува законите , внатрешните правила и регулативи во училиштето.

**Член 2**

За почитување на куќниот ред на училиштето,се задолжуваат дежурни наставници назначени со посебен распоред на дежурста по работни денови даден од стручната служба на училиштето.

**Член 3**

**II.Однос на наставникот кон учениците**

Кон учениците наставникот е должен да се однесува како кон субјекти и соработници со примена на постапки кои се во духот на современи педагошки норми при што:
*ја почитува личноста на ученикот;
*го учи ученикот како да ги самооценува сопствените постигнувања;
*потикнува слободен,одговорен и сериозен пристап кон учењето,а во процесот на пренесување на знаењето ги применува највисоките научни,стручни, професионални и етички стандарди;
*воспоставува со учениците однос на меѓусебна доверба и почит на личноста, слободата и правата и без предрасуди да го чува своето достоинство и училиштето во целост;
*го оценува реалното знаење на ученикот;
*бара од ученикот навремено да ги извршува своите задачи;
*редовно им помага на учениците кои заостануваат во совладување на наставата;
*со учениците несмее да пројавува агресивност, нетолерантност, желба за доминација, плашливост, болна самоувереност и сл;
*никогаш да не го казнува ученикот телесно,да го малтертира психички и да не се служи со други форми на негативно однесување ;
*со личен пример и со сите средства треба да се бори против причинителите на современите болести и зависности и други негативни појави;
*при решавање на проблемите треба да соработува со родителите.

**Член 4**

**III. Однос на наставникот со другите наставници и вработени**

За ефикасно воспитно-образовено формирање на учениците како и во интерес на угледот и достоинството на професијата и училиштето ,наставникот е должен да придонесува за градење на позитивни професионално коректни односи со своите колеги при што,наставникот е должен да:
*негува атмосфера на креативна соработка и врвен однос кон работата;

*не го повредува директно или индиректно стручниот углед,напредувањето или работата на друг колега;
*тежнее на колегијална соработка,почит на стручност,помош,креативна и професионална соработка;
*во јавната критика се обврзува да биде пристоен и културен;
*им пружи помош на помладите наставници пренесувајќи им го своето педагошко и стручно знаење;
*учествува во работата на сите стручни тела и да дава конструктивен придонес.

**Член 5**
**IV.Однос на наставникот кон училиштето**

Наставникот се обрзува да:
*Ја почитува хиерархијата на наставниците и другите вработени ,овластени лица и органи во институцијата;
*го почитува работното време од 07:00 до 13:00 часот и наставниот час;
*да ги почитува и да се придружува на правилата од куќниот ред на училиштето;
*не поттикнува корупција,мито и друго што претставува најгруба повреда на правилата на однесување во образованието;
*да не користи закани ,уцени и други однесувања кои директно фрлат сенка на угледот на инстиницијата;
*Да ги прифати и целосно и доследно ги применува принципите во Кодексот за да се одржи ,сочува и унапреди угледот на училиштето во целост.
**Член 6**
**V.Однос на наставникот кон родителите**

Наставникот,односно стручниот соработник е во постојана комуникација со родителите и при тоа:
*се грижи соработката со родителите да биде што понепосредна и ефикасна;
*го поттикнува интересот и ангажирањето на родителите во решавање на проблемите на учениците;
*комуникацијата со родителот ја изведува со взаемно почитување;
*го почитива ставот на родителот по основ на важни одлуки (изборни предмети и сл);
*одржуваат индивидуални и групни ,редовни и вонредни ротителски средби;
*наставниците,стручните соработници и вработените соработуваат и кога е потребно го упатуваат родителот на консултација и помош од компетентни лица во врска со ученикот кога тие не се во состојба да помогнат.

**Член 7**
**VI.Наставникот и општествената заедница**

Во современите демократски и плурални услови наставникот,односно стручниот соработник се раководи исклучливо од уставните и законските одредби при што:
*треба да биде лојален граѓанин на Република Северна Македонија,да го чува нејзиниот углед и авторитет да се грижи за нејзиниот просперитет,интегритет и

суверенитет и да придонесува за формирање на младите во духот на заеднички конструктивен живот независно од нивната национална,верска и друга припадност;
*се придружува кон меѓународните стандарди,договори и конвенции за слободите и правата на човекот а особено Конвенцијата на ООН за правата на детето;
*учествуваат во општествениот живот како и сите други граѓани ,но се должни својот личен ангажман да го ускладат со обврските кон учениците,наставните интереси на училиштето,не злоупотребувајќи го својот статус и авторитет за остварувањена лични интереси;
*се залага и се бори за достојна материјална положба на образовните институции со цел да се обезбеди нивно нормално функционирање како осноен услов за квалитетно организирање на едукативниот процес.

**Член 8**

Наставниците кои се истакнуваат во својата работа можат да бидат пофалени и награди.

**Завршни одредби**

**Член 9**
Секој наставник се обврзува да го почитува и постапува согласно Кодексот.
Секое негово прекршување претставува повреда на честа и работните обврски на наставникот па може да биде повикан на одговорност од страна на Комисијата и директорот на училиштето.

**Член 10**
Со овој Кодекс се опфатени основните барања и начела што го определуваат професионално-етичко однесување на наставниците и стручните соработници.
Овие општи начела може да се дополнуваат ,прошируваат и усовршуваат.

**Член 11**
Со влегување во сила на овој Кодекс ,престанува да важи Кодекс за однесување на наставниците бр.08-288/2 од 27.08.2015 година.

**Член 12**
Овој Кодекс стапува на сила од денот на донесување.

Прилог 34

# ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ

**Општи одредби**

Овој Кодекс содржи збир на правила односно етички норми и начела кои сите ученици во училиштето се обврзуваат да го практикуваат и почитуваат со што ќе се обезбеди единственост во однос на однесувањето на учениците,нивните родители и вработените во училиштето,што е предуслов за квалитетна реализација и успешно исполнување на задачите и целите на воспитно-образовната работа.

**Член 1**
Ученикот како субјект во воспитно-образовниот процес треба да има јасна слика за својата положба и улогата во училиштето и општеството, да ги знае своите права и одговорности и да се прилагодува на новите барања.

**Член 1-а**

На учениците треба да им се овозможи да постигнат успех во рамките на наставниот процес и програма во воспитно-образовниот процес,кој ги елиминира моралниот,менталниот и физичкиот развој во училиштето и општеството, да стекнат знаења и вештини кои ќе им бидат корисни во нивниот понатамошниот живот и работата за која ќе се определат.

**Член 2**
**I.Права на ученикот**

Ученикот има право :
*да биде известен за своите права,одговорности и правила за дисциплина;
*да се здобие со право на непречно образование;
*на рамноправен однос,со почит на неговата личност,без дискриминација
да го искаже својот став;
*на поплаки и жалби;
*да учествува во одделенската и училишната заедница;
*да одлучува преку своите родители за носење на задолжителна училишна униформа

**Член 3**
**II.Одговорност на ученикот**

Ученикот се обрзува:
*воспитанието и образованието да му претставува највисок императив во неговото однесување;

*да ги почитува правата на другите ученици,наставници и вработени во училиштето независно од нивната национална или верска припадност а во согласност со принципите на човекољубието;
*да го гради односот со другите ученици врз основните човекови вредности:вистина,мир,правилната постапка,чесност,љубов,толерантност,разбирање;
*редовно и навремено да посетува настава,да носи ученички прибор и опрема и да ги изврши училишните обврски и задолженија;
*да придонесува за позитивна атмосфера на часот;
*секаде да го претставува достоинствено училиштето со љубов,почит и гордост;
*да пријави инциденти кои можат да ја попречат безбедноста на учениците;
*секогаш и секаде да внимава на својот јазик кој треба да биде литературен,јасен и достоинствен;
*да внимава на својот морален лик;
*да има одговорен однос кон средствата и условите со кои или во кои работи и учи,
*да ги почитува општествените и индивидуалните вредности кои имаат траен карактер и кои треба да ја чинат основата и моралноста на една личност;
*да ги почитува законските одредби,правилата и нормите во училиштето;

**Член 4**
**III.Ученикот и безбедноста**

*да го исклучи мобилниот телефон, MP3 плеери и слично за време на наставата
*да се воздржи од било какво попречување на часот;
*да го користи одморот за пиење вода и одење во тоалет;
*да се грижи и да го чува училишниот простор и имот ,инвентарот ,учебниците и сл;
*да се грижи за чување на околината на училиштето.

**Член 5**
**IV.Меѓусебен однос на учениците**

Во негувањето на угледот и достоинството на ликот на училиштето ученикот е должен да се грижи и придонесува за градење и развивање на позитивни и коректни односи со своите соученици при што:
*ги почитува своите соученици врз основа на другарство, искреност и отвореност;
*меѓусебната соработка ја темели врз взаемно договарање,разменување на искуства и совесно и ефикасно извршување на задачите;
*во комуникацијата со учениците ги цени нивните знаења,достоинство и индивидуални квалитети и се воздржува од озборување;
*добронамерно и без тенденциозност укажува на слабостите на својот соученик со што го штити угледот на ученикот и училиштето;
*треба да биде солидарен со својот соучесник особено кога станува збор за социјални и здравствени проблеми;
*треба да им помага на другите ученици пренесувајќи им го своето знаење и искуство;

**Член 6**
**V.Ученикот и учењето**

Во процесот на свесно учење  и работа на своето образование и воспитание ученикот треба да научи:
*да ја развива својата способност за учење;
*да го развива процесот на учење во индивидуалниот развиток;
*да стекнува вештини за лична ефективност,планирање и организација на времето;
*да го развива личниот талент;
*да решава проблеми и да има критичен однос кон ненаучените теории,идеи и идеологии како и спрема носителите на истите ;
*да ги самооценува сопствените постигнувања;
*во учењето да прифаќа примена на нови наставни технологии и да ги користи наставните средства и помагала што му стојат на располагање;

**Член 7**
**VI.Ученикот и наставниот час**

Ученикот треба:
*навреме и редовно да доаѓа секој наставен час ;
*секогаш да биде подготвен за работа на час;
* да допридонесува и овозможува позитивна работна атмосфера со активно ажурирање на часот;
*да не ја пораметува планираната работа со задоцнето влегување,разговори;
*да ги почитува сите субјекти за време на часот и другите воспитно-образовни активности;

**Член 8**

**VII.Однос на ученикот кон училиштето,семејството и пошироката заедница**

Ученикот е должен должен да ги почитува и спроведува нормите на однесување и работа во училиштето,семејството и пошироката заедница при што:
*ја почитува личноста на сите вработени во училиштето,родителите и другите посетители;
*не ги омалуважува и навредува другите во училиштето и надвор од него и не смее да пројавува аргесивност,нетолерантност,желба за доминација,болна самоувереност и амбициозност;
*се труди училиштето да биде пријатно и безбедно место за него и за сите други со навремено и објективно информирање за негативни појави и оштетување на инвентарот и соработка со наставниците,стручниците соработници, родителите и раководните лица во училиштето;
*ги почитува аргументите на  родителите;
*ги информира родителите за својот напредок и случувањата во училишниот живот;

*со својот успех и поведение е одговорен пред своето семејство и општествената заедница;
*придонесува и ја поттикнува комуникацијата и соработка на родителите и училиштето;
* се придржува на законска одредба за забрана на секакво политичко и верско организирање и дејствување во училиштето;
*ги почитува и се придружува кон правилата содржани во куќниот ред на училиштето;

**Член 9**
**VIII. Ученикот, здравјето и хигиената**

*редовно да посетува матичен лекар,стоматолог, да се вакцинира и да оди на систематски прегледи;
*да се грижи за личната хигиена и здравје.
*да се следат упатствата за лична хигиена истакнати во училиштето;
*доколку се разболе од заразна болест веднаш да се извести наставникот;
*отпадоците да ги фрла во корпа за отпадоци со што ќе се придонесе за чистота и хигиената во училниците,ходниците,тоалетите и непосредната околина;

**Член 10**
**IX.Должности на дежурни ученици:**

Со цел за безбедноста и непречна настава,во училиштето се организира и одржува дежурство од страна на 2 ученика од предметна настава за времетраење на нивната смена.

Дежурните ученици имаат обврска :
*да доаѓаат 10 минути пред почетокот на наставата, да ја прегледаат училницата и за евентуалните настанати штети да го известат домаќинот на училиштето или дежурниот наставник;
* Да ја подготват училницата за часот - да ја избришат таблата и да ги донесат потребните наставни средства и помагала;
* Да ги пријавуваат отсутните ученици на предметиот наставник;
* За време на одморите да ја проветруваат училницата, да ги чуваат работите на учениците и да се грижат за инвентарот во училницата;
* Секој ученик кој што ќе ги наруши редот и дисциплината, дежурните ученици се должни да го пријават на дежурниот или на предметниот наставник;
* По завршувањето на наставата да ја проверат исправноста на инвентарот, да ги приберат евентуално заборавените работи и да ги предадат на хигиеничарите, да ги затворат прозорците и да ги изгаснат светлата;
* Секоја новонастаната штета веднаш да ја пријават кај одделенскиот раководител;
* Да го известат директорот или дежурниот наставник ако наставникот не дојде на час најмалку 10 минути по започнување на истиот;
* Да вршат други работи на барање на одделенскиот раководител и на предметниот наставник.

**Член 11**

**X.Во училиштето се забранува**:

*викање, правење неред, карање, меѓусебно навредување, предизвикување и учество во тепачки и секој вид насилно однесување;
*изнудување пари и др.од учениците;
*пушење цигари,користење алкохол и дрога;
*предизвикување конфликти и физички пресметки,навредување,заканување..;
*консумирање храна и напитоци за време на часот;
*загрозување на својот или туѓиот живот и сопственост;
*намерно или несовесно уништување на училишниот имот;
* крадење и давање лажни изјави;

**Завршни одредби**

**Член 12**

Секој учесник се обврзува да го почитува и спроведува овој Кодекс.

**Член 13**

Со влегување во сила на овој Кодекс престанува да важи Кодексот на однесување на ученици бр.08-288/3 од 27.08.2015 година.

**Член 14**

Овој Кодекс може да се дополнува,проширува и усовршува.

**Член 15**

Кодексот стапува на сила од денот на донесување.

Прилог 35

# ЕКО КОДЕКС

1. Грижи се за хигиената во училиштето, тоа е твојот втор дом!

2. Одржувај ја уредна твојата училница – таа е огледало на учениците кои учат во неа!

3. Грижи се за цвеќето во твојата училница.

4. Негувај го зеленилото и не крши ги дрвјата во дворот.

5. Фрлај ги отпадоците на предвиденото место за тоа!

6. Непотребната, веќе употребена хартија и старите учебници собирај ги на определеното место.

7. Секогаш кога си во можност наместо со автомобилот на твоите родители, дојди на училиште со твојот велосипед.

8. Провери дали боичките кои ги употребуваш се еко – производ и дали се рециклираат. Доколку не се, замени ги со такви.

9. Доколку забележиш дека водата во тоалетот непотребно тече, сопри ја!

10. Штеди ја електричната енергија!

Прилог 36

# ЕКОЛОШКИ АКТИВНОСТИ

## МЕТОДОЛОГИЈА НА СЕДУМ ЧЕКОРИ ЕКО-МЕНАЏМЕНТ

| **Активност** | **Цели на активноста** | **Учесници** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| 1.Формирање на Еко-одбор | Формирање на Еко-одбор - носител на еко-активностите кој ќе предлага, подготвува и дава суѓестии за активностите кои се преземаат за реализација на Програмата. | Наставници,стручни соработници,ученици, родители,претставници од техничкиот персонал на училиштето,претставници од локалната заедница | август |
| 2.Анализа на состојбата на животната средина | Добивање на јасна слика во каква еколошката состојба се наоѓа училиштето и воспоставување приоритети за активностите кои ќе се преземат. | Еко-одбор<br>Ученици<br>Наставници<br>Технички персонал | јуни |
| 3.План на активности | Идентификување на целите за реализација,со временски рокови како и распределување на обврските и одговорностите на сите кои се вклучени во реализација на Програмата | Еко-одбор<br>Наставници<br>Стручна служба | август |
| 4.Следење и евалуација на напредокот | Методи на следење на реализираните активности и нивно мерење | Еко-одбор<br>Наставници<br>Ученици<br>Стручна служба | септември-јуни |
| 5.Поврзување со наставата и воспитна | Спојување на теоријата со пракса, односно еко- | Директор<br>Наставници<br>Ученици<br>Стручна служба | септември-јуни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| програма | стандардите и точките на акција како приоритети на училиштето ,добиваат теоретска примена во наставата. | | |
| 6.Информирање и вклучување на целото училиште и пошироката јавност | Да се одбележат значајни датуми од областа на Екологијата | Наставници<br>Ученици<br>Еко-одбор | во текот на целата учебна година |
| 7.Еко-кодекс | Поставување на еко-катче на видно место во училиштето и Еко-табла на која ќе се истакнат активностите | Директор<br>Еко-одбор<br>Стручна служба | октомври |

Прилог 37

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ТИМОТ ЗА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА УЧЕБНАТА 2024/ 2025

| ПЛАНИРАНА ПРОГРАМСКА АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕАЛИЗАТОР | ЦЕЛИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ |
|---|---|---|---|---|
| Идентификување на ученици со пречки во развојот и потешкотии во учењето | септември, октомври | Инклузивен тим, Наставници, Стручни соработници | Запознавање со бројот на ученици и видот на попреченост | Идентификација на ученици за понатамошна подршка во учењето |
| Изработка на ИОП за децата со посебни потреби | октомври | Инклузивен тим, Наставници, Стручни соработници | Изготвување на индивидуален образовен план кој одговара на потребите и можностите на ученикот | -Правилно користење на потенцијалите на секој ученик<br>-Проценка на потребите и можностите<br>-Постигнување на поголеми успеси во учењето |
| Разговори со учениците на одд.часови<br>Разговори со родителите на родителски и индивидуални средби | Во тек на годината | Стручни соработници, родители, одд.наставници, одд.раководители и предметни наставници | -Подобрување на социјалниот и емоционалниот статус на учениците со посебни образовни потреби | -Развивање на позитивни ставови кај учениците кон учениците со посебни образовни потреби -Вклучување на децата со посебни образовни потреби во локалната заедница |
| Утврдување на индивидуалните | тримесечје, полугодие,крај | Инклузивен тим, Наставници | Увидување во постигнатиот | -Проценка на постигањата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| постигања на учениците со посебни потреби | на учебна година | | успех во првото полугодие | Определување на соодветни техники, форми и методи за работа |
| Следење на напредокот на учениците | Континуирано во текот на целата учебна година | Инклузивен тим, Наставници | Утврдување и увидување на постигањата и потешкотиите | Подобар увид во напредокот на ученикот |
| Пренесување на искуства и иинформации во процесот на работа со деца со ПОП (дисеминација од посетените семинари) | Во текот на целата учебна година (после секое присуство на семинари) | Инклузивен тим, Наставници | Информирање на наставниците за посетите на семинари | Наставниците да бидат запознаени со нови методи и техники во работата со деца со ПОП |
| Соработка со родители на деца со ПОП | Во текот на цела година | Инклузивен тим, Наставници | Информирање на родителите со постигањата и потешкотиите кои ги има детето со ПОП | -Родителите да бидат информирани<br>-Да бидат вклучени во одредени активности |
| Изработка на наставни материјали и средства според потребите на децата | Во текот на цела година | Инклузивен тим | Да се задоволат индивидуалните потреби на децата со ПОП | -изработка на нагледни наставни средства и материјали кои им се потребни на децата |

Прилог 38

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО НАДАРЕНИ/ ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

| ***Активности*** | ***Цел*** | ***Реализатори*** | ***Време на реализациј а*** |
|---|---|---|---|
| Примена на инструменти за идентификација на надарени/ талентирани ученици | Идентификација на надарени/ талентирани ученици | Психолог, педагог, спец.едукатор и рехабилитатор родители, наставен кадар | септември/ октомври |
| Изработка на ИОП | Успешна реализација на задолжителната и додатната настава | Психолог, педагог, спец.едукатор и рехабилитатор библиотекар, наставен кадар | октомври |
| Реализација на активности во рамките на задолжителната настава, додатната настава, натпревари, СУА | Развивање на логичко и творечко мислење, поттикнување и негување на креативноста | Наставен кадар | Во текот на учебната година |

Прилог 39

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

| ***Активности*** | ***Цел*** | ***Реализатори*** | ***Време на реализација*** |
|---|---|---|---|
| Примена на инструменти за идентификација на учениците со посебни образовни потреби | Идентификација на учениците со посебни образовни потреби | спец.едукатор и рехабилитатор, психолог, педагог, родители, наставен кадар | септември |
| Изработка на индивидуален образовен план за учениците со посебни образовни потреби | Давање поддршка на наставниот кадар за работа со ученици со посебни образовни потреби | спец.едукатор и рехабилитатор, психолог, педагог | октомври |
| Реализација на задолжителна и дополнителна настава | Давање поддршка на учениците со посебни образовни потреби за совладување на наставниот материјал | Наставен кадар, спец.едукатор и рехабилитатор, психолог, педагог | Во текот на учебната година |
| Индивидуална работа со учениците со посебни образовни потреби | Полесно совладување на наставниот материјал и социјализација | спец.едукатор и рехабилитатор | Во текот на учебната година |
| Советодавно-консултативна работа | Давање поддршка на родителите и на наставниот кадар за работа со ученици со посебни образовни потреби | спец.едукатор психолог, педагог родители, наст.кадар | Во текот на учебната година |

Прилог 40

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО ПОТЕШКОТИИ ВО УЧЕЊЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

| ***Активности*** | ***Цел*** | ***Реализатори*** | ***Време на реализација*** |
| --- | --- | --- | --- |
| Примена на инструменти за идентификација на учениците со потешкотии во учењето | Идентификација на учениците со потешкотии во учењето | Психолог, педагог, спец.едукатор и рехабилитатор, родители, наставен кадар | Септември-октомври |
| Реализација на задолжителна и дополнителна настава | Давање поддршка на учениците со потешкотии во учењето за совладување на наставниот материјал | Наставен кадар, спец.едукатор и рехабилитатор, психолог, педагог | Во текот на учебната година |
| Реализација на работилници | Полесно совладување на наставниот материјал и социјализација | Педагог, спец.едукатор и рехабилитатор психолог | Во текот на учебната година |
| Советодавно-консултативна работа | Давање поддршка на родителите и на наставниот кадар за работа со ученици со потешкотии во учењето | спец.едукатор и рехабилтатор, психолог, педагог, родители, наставен кадар | Во текот на учебната година |

Прилог 41

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО ЕМОЦИОНАЛНИ ПРОБЛЕМИ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

| ***Активности*** | ***Цел*** | ***Реализатори*** | ***Време на реализација*** |
|---|---|---|---|
| Примена на инструменти за идентификација на учениците со емоционални проблеми | Идентификација на учениците со емоционални проблеми | Психолог, родители, наставен кадар | септември-октомври |
| Реализација на задолжителна настава | Давање поддршка на учениците со емоционални проблеми за совладување на наставниот материјал | Психолог, наставен кадар | Во текот на учебната година |
| Реализација на работилници, индивидуални разговори | Подобрување на емоционална состојба на учениците со емоционални проблеми | Психолог | Во текот на учебната година |
| Советодавно-консултативна работа | Давање поддршка на родителите и на наставниот кадар за работа со ученици со потешкотии во учењето | Психолог, наставен кадар, родители | Во текот на учебната година |

Прилог 42

# ПРОГРАМА АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

| Ред. Бр. | АКТИВНОСТИ | ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ | ОЧЕКУВАНИ ИСХОДИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕСУРСИ | РЕАЛИЗАТОРИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | -Реализација на работилница на тема ,,Стекнување на основните знаења за корупција и антикорупција,, | -учениците се запознаваат со поими корупција, антикорупција, етичност и интегритет | -Учениците да се запознаат со поимите корупција,интегритет, антикорупција, етичност и да научат за штетноста на корупцијата во општеството | -декември | -Училница<br>-Спортска сала | -Горан Потргански наставник по Граѓанско образование |
| 2. | -Реализација на работилница на тема : ,,Причини и последици од корупцијата,, | -учениците да го сфатат штетното влијание на корупцијата и да ги препознаат механизмите за спречување на корупцијата | -да се обидат да влијаат на создавање на општество без корупција | -февруари | -соработка со другите наставници и стручна служба во училиштето<br>-стручна литература | -Горан Потргански наставник по Граѓанско образование |
| 3. | -Реализација на работилница на тема : ,,Активна борба против корупцијата,,<br>-Секоја активност е доживување за учениците | -учениците да ги препознаат механизмите за спречување на корупцијата | -да ја сфатат улогата на ДКСК и механизмите преку кои таа делува | -март | -Соработка со стручен актив | -Горан Потргански наставник по Граѓанско образование |

Прилог 43

# ПРОГРАМА ЗА ОТВОРЕН ДЕН НА УЧИЛИШТЕТО ПО ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

| Ред. Бр. | АКТИВНОСТИ | ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ | ОЧЕКУВАНИ ИСХОДИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕСУРСИ | РЕАЛИЗАТОРИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Реализација на работилница на тема “НАТО и Европска Унија„ | -учениците да научат за важноста на постоењето од овие најзначајни меѓународни организации и за придобивките од членувањето во истите | -Преку изработка на нагледни средства во вид на ѕиден весник учениците да се запознаат со појавата и развојот на овие меѓународни организации | -ноември | Училница | -Горан Потргански наставник по Граѓанско образование |

Прилог 44

## АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЗАЕДНИЧКА АКТИВНОСТ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ”СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ”, с.ДАБИЉЕ И ООУ”МАРШАЛ ТИТО”, с.МУРТИНО

**Наслов на активноста: “Скокаме и се забавуваме”**

**Цели на активноста:**

Учениците да:

- развиваат вештини за соработка и тимска работа со ученици од различна етничка заедница
- да развиваат пријателство и дружење меѓу себе
- да донесуваат заеднички одлуки
- да развиваат ставови за почитување на мислењето на другите,
- да прифаќаат соученици од различни култури и етнички заедници и
- да развиваат почит и доверба кај другите

**Подготовка за активноста:**

- Заедничко планирање на наставниците од двете основни училишта: ООУ ”Св. Кирил и Методиј”, с.Дабиље, о.Струмица и ООУ ”Маршал Тито”, с.Муртино, о.Струмица, кои изведуваат настава на различен наставен јазик (дефинирање на целите на активноста, подготовка на задачата и определување на финален продукт, дефинирање на чекорите на активноста, одредување временска рамка)
- Избирање по 5 ученици од двете училишта (вкупно 10) според критериумите за избор (полова и етничка/ јазична балансираност)
- Обезбедување на простор и други услови за успешна реализација на активноста

**Ресурси:**

- Отскочна даска
- Мал јарец
- Душеци

**Воведна активност:**

Активноста започнува со игра за запознавање на учениците. Учениците се наредени во круг, во чија средина има топка. Секој ученик влегува во средината, ја зема топката, го кажува своето име, кажува “ЗДРАВО” на својот мајчин јазик и ја подава топката на друг ученик од другата националност. Играта трае додека сите ученици не завршат со претставувањето. Во активноста се вклучени и наставниците од двете етнички заедници, односно од двата наставни јазика. По завршување на активноста за запознавање, учениците заеднички предлагаат правила на однесување кои треба да се почитуваат за време на активноста. Двајца ученици од различна етничка заедница ги пишуваат правилата на хамер или табла, кои ќе биде поставена во близина на местото на одржување на активноста. Правилата за однесување се напишани на двата наставни јазика. На средбата се запознаваат учениците дека оваа активност ќе има едукативен и забавен карактер.

**Главна активност:**

Главната активност, ќе биде во мешан состав, машки и женски, македонци и турци. На учениците им се даваат насоките за активностите на двата наставни јазика и им се објаснува како ќе течат активностите. При давањето на инструкциите на учениците се внимава да има подеднаква застапеност и наизменично користење на двата наставни јазика. Наставниците им објаснуваат на учениците кои се гимнастичките справи кои што ќе се користат за оваа активности и кои гимнастички елементи ќе се изведуваатна истите. Активноста ќе започне со вежби за обликување на телото така што секој ученик ќе демострира една до две вежби. Потоа следуваат предвежби за гимнастичкиот елемент разношка на мал јарец. Ќе се користи аналитички и синтетички метод на работа за изучување и поврзување на сите фази од овој гимнастички елемент. Со помош на наставниците, учениците го изведуваат елементот во целост. Се внимава учениците да се доживуваат рамноправно во текот на активностите. Во текот на цело време додека трае активноста се следи соработката на учениците во мешаните групи и се поттикнуваат на што поголема соработка и директна интеракија. Постојано им се дава повратна информација околу подобрување на активноста, бидејќи активноста има едукативен и забавен карактер.

**Завршна активност :**

По завршување на активноста на учениците им се дава повратна информација за реализацијата на активноста, се разговара со нив како се чувствувале додека траела активноста, што им било најинтересно при реализацијата, како се одвивала соработката и интеракцијата помеѓу членовите, што е тоа што им се допаѓало за време на активноста и што би можело да се подобри. Потоа наставниците разговараат со учениците преку какви други активности учениците од двете училишта би можеле да го продолжат дружењето и да ја подобрат меѓуетничката интеграција.

**Опис на продуктот од активноста:**

Заеднички продукт од оваа заедничка активност со учениците од двете училишта ООУ “Св. Кирил и Методиј”, с. Дабиље и ООУ ”Маршал Тито”, с.Муртино ќе биде заедничкиот хамер со фотографии од нивните активности, играта за запознавање и главната активност, што ќе биде доказ за нивното дружење и забавување и мотив за други активности понатаму. Хамерот ќе биде изработен во два примерока за двете училишта од самите ученици.

**Тим на наставници:**
**Наталија Пецанова**
**Кире Јанков**
**Елена Биџева**
**Ерхин Мустафов**

Прилог 45

# ПОСТИГНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

| **Предмет** | **Учебна година** | | |
|---|---|---|---|
| | **2021/2022** | **2022/2023** | **2023/2024** |
| Македонски јазик | 4,49 | 4,31 | 4,14 |
| Англиски јазик | 4,57 | 4,45 | 4,50 |
| Француски јазик | 4,37 | 4,32 | 4,32 |
| Математика | 4,46 | 4,38 | 4,33 |
| Историја | 4,19 | 4,16 | 4,29 |
| Географија | 4,25 | 4,30 | 4,40 |
| Граѓанско образование | 4,72 | 4,42 | 4,25 |
| Биологија | 4,50 | 4,62 | 4,67 |
| Физика | 4,62 | 4,36 | 4,37 |
| Хемија | 4,79 | 4,56 | 4,47 |
| Ликовно образование | 4,98 | 4,99 | 4,96 |
| Музичко образование | 4,81 | 4,60 | 4,48 |
| ФЗО | 5,00 | 4,98 | 4,96 |
| Информатика | 4,47 | 4,35 | 4,35 |
| Техничко образование | 4,65 | 4,61 | 4.24 |
| Техничко образование и информатика | / | 4,54 | 4.55 |
| Природни науки | 4,55 | 4,67 | 4.22 |
| Општество | 4,83 | / | / |
| Етика | 4,05 | 3,82 | 4.10 |
| Вештини за живеење | 4,48 | 5,00 | 4.65 |
| Проекти од музичка уметност | / | / | / |
| Проекти од информатика | 4,73 | 4,81 | 4,47 |
| Запознавање на религиите | 4,18 | 4,35 | / |
| Религиите во светот | | | 4,53 |
| Етика во светот | / | / | 4,53 |
| Работа со компјутер и основи на програмирање | 5,00 | / | / |
| Танци и народни ора | 5,00 | 4,87 | 4,90 |
| Иновации | 4,86 | 4,53 | 4,10 |
| Историја и општество | 4,21 | 4,54 | / |
| Изборен предмет  - Народни ора | 5,00 | 5,00 | 4,52 |
| Изборен предмет – Образование за животни вешт. | 5,00 | 4,92 | 5,00 |
| Изборен предмет- Пеење | / | 4.77 | 5,00 |
| Изборен предмет -Заштита на животна средина | / | 4.85 | 5,00 |
| **Среден успех** | **4,61** | **4,57** | **4,50** |

Прилог 46

# ПРАЗНИЦИ И НЕРАБОТНИ ДЕНОВИ

| Месец | Ден | Значење |
|---|---|---|
| Септември | 8 | Ден на независноста |
| Октомври | 11 | Ден на народното востание |
| | 23 | Ден на македонската револуционерна борба |
| Декември | 8 | “Св.Климент Охридски“ |
| Јануари | 1 | Нова Година |
| | 6 | Бадник |
| | 7 | Божик |
| | 19 | Водици |
| Март | 30-31 | Рамазан Бајрам |
| Април | 18 | Велики Петок |
| | 21 | Втор ден Велигден |
| Мај | 1 | Ден на трудот, |
| | 24 | “Св.Кирил и Методиј”, ден на сесловенските просветители |
| Август | 2 | Ден на Републиката |
| | 28 | Голема Богородица |

Прилог 47

# ПОДЕЛБА НА КЛАСНО РАКОВОДСТВО

| Реден бр. | Име и презиме | Одделение |
|---|---|---|
| 1. | Катерина Атанасовска | I |
| 2. | Катерина Стојанова Василева | II |
| 3. | Зорица Смикиќ | III |
| 4. | Елеонора Велкова | IV |
| 5. | Соња Маглешева | V |
| 6. | Кољо Галев | VI |
| 7. | Блажо Јанев | VII |
| 8. | Горан Потргански | VIII |
| 9. | Жарко Спасов | IX |

Прилог 48

# ПОДЕЛБА НА ЧАСОВИ НА НАСТАВНИОТ КАДАР

| Ред .бр | Име и презиме | Наставни предмети |
|---|---|---|
| 1. | Катерина Маркова | Македонски јазик |
| 2. | Костадинка Цветков | Англиски јазик |
| 3. | Ристе Крстев | Англиски јазик |
| 4. | / | Француски јазик |
| 5. | / | Италијански јазик |
| 6. | Аница Панова | Математика |
| 7. | Блажо Јанев | Географија, историја и општество |
| 8. | Горан Потргански | Историја, историја и општество и граѓанско образование |
| 9. | Адријана Буровска Грнчаров | Биологија и природни науки |
| 10. | Васе Велков | Физика, хемија и природни науки |
| 11. | Златко Петров | Етика, изборен предмет и иновации |
| 12. | Зорица Иванова | Информатика и проекти од информатика, Техничко образ. и информатика |
| 13. | Наталија Пецанова | ФЗО |
| 14. | Михаило Џорлев | ФЗО |
| 15. | Жарко Спасов | Ликовно образование |
| 16. | Петар Атанасов | Техничко образование и информатика |
| 17. | Кољо Галев | Музичко образование, танци и народни ора,изборен предмет |

Прилог 49

## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ

| Планирани активности | Цели | Реализатор | Време на реализација | Очекувани исходи | Потребни средства материјали и извори |
|---|---|---|---|---|---|
| -Избор на претседателство<br>-Конституирање на Ученичкиот парламент и за оваа учебна година | Осмислување на работата на ученичкиот парламент | -Психолог<br>-Педагог | Септември | -Избрано претседателство | Материјално-технички средства<br>Доброволни прилози,донации,<br>Може да се добијат и средства од буџетот на Општината |
| -Запознавање на учениците со етичкиот кодекс на однесување на учениците | Информирање на учениците за споменатиот кодекс на однесување | -Одговорни наставници<br>-Ученици | Октомври | -Информирани ученици за етичкиот кодекс на однесување на учениците | |
| -Разгледување на успехот, поведението и редовноста на учениците<br>-Истакнување на потребата од помош на учениците кои послабо го владеат наставното градиво (инструктивна настава) | Известување за успехот на учениците | -Наставници<br>-Ученици | Ноември | -Постигнување на подобар успех | |
| -Усогласување и координирање на работата на ученичките заедници и давање насоки за понатамошно работење | -Усогласување на работата на ученичките заедници<br>-Констатирање на училишната | -Ученици<br>-Одговорни | Декември | -Подобрување на работата на одделенските заедници<br>-Подобрување на | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| -Анализа и евaулација на училишната (социо-емоционалната) клима и односите во училиштето | (социо-емоционална) клима во училиштето | наставници<br><br>-Ученици | | училишната клима | |
| -Полугодишен извештај за работата на ученичкиот парламент | Запознавање со содржината на извештајот | Раководство | Јануари | -Постигнување на креативно размислување | |
| -Примена на ИКТ во наставата;<br><br>-Размена на искуства од работата со компјутерите<br><br>-Утврдување на кохезија и тензија во одделението | -Запознавање со работата со компјутерите утврдување на интерперсоналните односи во одделението | -Одговорен наставник<br><br>- Ученици | Февруари | - Правилно користење на компјутерите<br><br>- Согледување на меѓусебните односи во одделението | |
| -Организирање на еколошка акција по повод 21 Март<br><br>-Денот на екологијата<br><br>- Договор за спроведување на училишен хепенинг<br><br>-Следење на спортски и културни настани на кои учествваат ученици од нашето училиште | -Реализација на еколошка акција<br><br>-Информирање на Учениците | - Одговорни наставници<br><br>- Ученици<br><br>-Стручни соработници | Март | -Успешно изведена еколошка акција<br><br>-Развивање на предприемничките вештини | |
| -Разгледување на успехот, поведението и редовноста на учениците<br><br>-Разговор за | - Запознавање со тестирање на ученици | -Педагошка служба | Април | -Успешно спроведување на тестирања | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| тестирања<br><br>Професионална ориентација | | | | | |
| - Подготовка и давање на предлози за Денот на училиштето<br><br>- Известување за полуматурска забава | - Известување за организирани активности<br><br>- Известување за спроведување на забавата | - Педагошко психолошка служба<br><br>-Наставници<br><br>- Ученици<br><br>- Комисија на<br><br>Наставници | Мај | - Добро организиран патронат<br><br>- Добра организација на полуматурската прослава | |

Прилог 50

**Програма за унапредување на менталното здравје на учениците во училиштето**

| **Активности** | **Реализатори** | **Време на реализација** |
|---|---|---|
| - Спроведување на протоколот за начинот на користење на мобилни телефони на учениците и наставниците за време на часовите и во просториите на училиштето | Одд.раководители, Ученици | Во текот на учебната година |
| -Разгледување и почитување на општите училишни акти (Куќен ред на училиштето, Кодекс за однесување на учениците и вработените, Правилник за изрекување педагошки мерки) | Ученици, Наставници, Стручни соработници | Во текот на учебната година |
| - Превентивни програми за заштита на учениците од насилство, злоупотреба и запуштање, грижа за менталното здравје на учениците, за спречување на дискриминација | Ученици, Наставници, Стручни соработници | Во текот на учебната година |
| - Состаноци со родителите/старателите на учениците за подобрување на безбедноста, организацијата и состојбата во училиштето | Наставници, Стручни соработници | Во текот на учебната година |
| - Работилници за меѓусебна толеранција, почитување, ненасилно разрешување на конфликти, превенција на врсничко насилство) | Одд.раководители, Ученици Стручни соработници | Во текот на учебната година |
| - Обуки за поттикнување на социо-емоционалниот развој на учениците и наставниците | Ученици, наставници, Стручни соработници | Во текот на учебната година |
| -Соработка со Отсекот за превенција при СВР Струмица, ОО Црвен крст Струмица и други национални и локални граѓански организации | Ученици, Наставници Стручни соработници, | Во текот на учебната година |
| - Подигнување на свесноста за важноста на менталното здравје и развивањето на култура на менталното здравје во училиштето: | Наставници, Стручни соработници | Во текот на учебната година |

| | | |
|---|---|---|
| - Развој на компетенциите на наставникот и одделенскиот раководител за унапредување на менталното здравје на сите вклучени страни во училишната заедница | Наставници, Стручни соработници | Во текот на учебната година |
| - Поддршка и развој на компетенциите за ученичко учество | Наставници, Стручни соработници Ученици | Во текот на учебната година |
| - Подобрување на соработката меѓу наставниците и подигнување на свесноста за улогата на наставниците во креирање безбедна и поттикнувачка атмосфера во училиштето | Директор, стручни соработници, наставници | Во текот на учебната година |

За реализација на работилниците, вежбите и другите активности предложени во програмата, ќе се користи Модулот за унапредување на менталното здравје на адолесцентите во образовниот систем.

**Модул за унапредување на менталното здравје на адолесцентите во образовниот систем**

Менталното здравје подразбира емоционална добросостојба, добра прилагоденост на однесувањето - низ релативна ослободеност од анксиозност и попречувачки симптоми, како и капацитет да се воспоставуват конструктивни односи и да се справиме со вообичаени секојдневни животни ситуации и стресови. Светската здравствена организаиција (СЗО) менталното здравје го дефинира како емоционална, психолошка и социјална добросостојба во која индивидуата ги реализира своите потенцијали, може да се справи со нормалните стресови во животот, може да учи/работи продуктивно и корисно, и е способна да придонесува на заедницата. Менталното здравје претставува неразделив аспект на здравјето, исто толку важен како и физичкото здравје. Менталното здравје на младите има директни импликации по нивната самодоверба, одлуките кои ги носат и однесувањето (пр. редовноста во училиштето, мотивацијата за учење, училишното постигнување, социјалното поврзување и сл.), како и по шансите за подобар живот и добро здравје во иднина. Истражувањата за менталното здравје и добросостојбата во македонското општество покажуваат дека постојат значителни празнини помеѓу потребата на адолесцентите од поддршка на нивната психолошката добросостојба и ментално здравје од една страна, и поддршката која ја добиваат на училиште–од друга страна. Една од главните причини за овие празнини е недоволната острученост на кадарот во училиштата да ги препознаваат и адресираат потребите на адолесцентите. Овој модул развиен со цел да придонесе во унапредувањето на добросостојбата и менталното здравје на адолесцентите. Тој се надоврзува на „Програмата за психосоцијална помош и поддршка во унапредување на добросостојбата и менталното здравје на децата и младите во образовните, здравствените и згрижувачките институции и средини“.

Трите главни елементи /стожери на трансформацијата на училиштето во микросистем на учење, развој и грижа за менталното здраје, и детските правата, се веќе вградени во националниот акциски план за унапредување на менталното здравје на адолесцентите. Тоа се:

1. **Училишната клима и култура**, комплексен ентитет, во постојано менување, виден како клучен фактор на помош и поддршка на развојот, како на ученикот, така и на останатите членови на училишната заедница.

2. **Компетенциите за унапредување на менталното здравје на сите вклучени страни**, на чиј развој, оценување и употреба во раководењето со промените се потпира и квалитетот и навременоста на сите одлуки и решенија.

3. **Активното учество на сите членови на училишната заедница, пред се на учениците и наставниците**, како основа за зајакнување на младите и нивна подготовка во справување со предизвиците во адолесценција, со големи изгледи за подобро ментално здравје и успех во животот.

**Теми за унапредување на менталното здравје на адолесцентите во училиштата во реализација на стручната служба**

Првиот блок содржи теми и активности за унапредување на компетенциите на стручните соработници на три нивоа:

1.1. Подигнување на свесноста за важноста на менталното здравје и развивањето на култура на ментално здравје во училиштето;

1.2. Развивање на социо-емоционални компетенции и компетенции за психолошка резилиентност и добросостојба; и

1.3. Развој на компетенции за справување со кризен настан, долготрајна криза, траума, сериозен ментално здравствен проблем.

Вториот блок содржи теми и активности наменети за стручните соработници за развивање на компетенциите на наставниците за унапредување на менталното здравје на учениците/адолесцентите со кои работат во училиштата.

Третиот блок содржи теми и активности наменети за развој на компетенциите за ученичко учество кај учениците и вработените.

Во модулот е даден опис на повеќе активности за развивање на вештини неопходни за унапредување на добросостојбата и менталното здравје на адолесцентите и вработените во училиштето. Модулот содржи активности кои придонесуваат за развивање на вештини за здрав животен стил, како што се–самоконтрола, вештини за организирање на времето и справување со прокрастинација, активно слушање и асертивна комуникација, соработка, мотивација за учење, справување со испитна анксиозност, физички активности, исхрана и спиење; како и активности кои придонесуваат за развивање на вештини поврзани со вредности, како што се благодарноста, чесноста, толеранцијата, оптимизмот и креативноста. Потоа, прикажани се и активности за работа со родители/старатели, како и за индивидуална работа со адолесценти.

Пристапот во основата е фокусиран на унапредување на менталното здравје и добросостојба наместо да биде исклучиво интервентен, со широк опсег на можности за психосоцијална поддршка, и кој е релативно ограничен на средината во која детето и адолесцентот се развива, учи и расте, како што се училиштето и врсничката група, а преку нив и семејството и пошироката заедница. Тој нуди сосема поинакви приоритети во постапувањето, со фокус на:

1. **Потенцијалите за развој и детските права**, наместо на симптоматската клиничка слика, при решавање на проблемот;

**2. Промена и прилагодување на условите на средината во која младите живеат, учат и растат** (семејството, училиштето, групата врсници, соседството и заедницата), во почувствителни, поправедни, и потикнувачки средини, а во пресрет на детските потреби и права;

**3. Активното учество на голем број чинители, млади и возрасни**, во унапредување на менталното здравје.

Поврзувањето на унапредувањето на менталното здравје на адолесцентите, со подобрување на **училишната клима** како претпоставка за оптимален детски развој, во предложената програма се потпира на неколку точки - пресвртници во улогите на сите засегнати страни:

1. *Поставување широка информативна основа за детските развојни потреби, динамика и детските права*, во училиштето. Со уважување на природните потенцијали и спонтаните напори на секое дете да совладува препреки, да се соочува и прилагодува на промените, учејќи низ сопствените искуства. Односно, запознавање со детските потреби и капацитети да ги синхронизира и употреби стекнатите сознанија прво во контактот со себе, а потоа и во размена со надворешниот свет.

2. *Подигнување на свесноста за улогата на возрасниот, во креирање безбедна и поттикнувачка атмосфера за искуствено учење, безбедно* експериментирање со ризиците, во размена со другиот, и освојување простори на само – спознавање и градење на сликата за себе (кој/а сум, каков/каква сакам или можам да бидам, и колку вредам), што е силен влог во развојот на детските компетенции и вештини на справување со предизвиците на неговото време, сега и овде, и во иднина.

3. *Менување на позицијата на детето од пасивен набљудувач во активен учесник во својот живот и животот на училиштето и заедницата*. Имено во процесите на подигнување на свеста за важноста на менталното здравје на младите за квалитетот на нивниот живот, сега и во иднина, но и на целата заедница, адолесцентот треба да биде вклучен на самиот почеток, каде што само искуствено како активен член на заедницата, добива клучна улога во унапредување на здравјето, своето и здравјето на сите.

4. *Обезбедување услови за сеопфатен пристап кон проблемот, со обединување на сите релевентни фактори (засегнати страни) околу заедничка визија, организација и акција во постигнување на целта.* За тоа е неопходна мобилизација на ресурсите со протективна моќ, оние што ги јакнат капацитетите како на младите, така и на заедницата, да се вклучат во унапредување на здравјето и доброссостјбата, со што ќе помогнат и во намалување на нееднаквоста